Водород пероксид	PNEC (не е одредено	воздух		0,0023	mg/kg
Водород пероксид	DNEL (работник)	инхалационо	краткотрајно (еднократно)	3	mg/m³
Водород пероксид	DNEL (работник)	инхалационо	долготрајно (локален ефект)	1,4	mg/m³

Оцетна киселина:

Дозволени граници на изложеност според Листата на одобредни граници на изложеност на работно место, WELs/EH40

Хемиски назив	mg/m³	mL/m³	Време	Тип
Оцетна киселина > 98%	25	10	8 часа	TWA
Оцетна киселина > 98%	37	15	15 минути	STEL

Пероцетна киселина (12%): 0,5 mg/m³ (SAEL)

9) Физички и хемиски својства:

Општи податоци

Изглед	течност
Боја	безбојна
Мирис	карактеристичен

Податоци во врска со здравјето, безбедноста на луѓето и заштитата на животната средина

Релативна густина на 20°C (SRPS H.B8.036:1986).....1,12 g/cm³

pH вредност, неразреден на 20°C (SRPS H.E8.026:1990).....1

Содржина на пероцетна киселина (ASTM E 298-68 јодомертија).....min 15%

Точка на палење на референтен притисок 101,3 kPa (затворен сад).....80°C

Температура на самозапалување .....305°C

Притисок на пареа на 20°C.....14 hPa

Точка на топење на референтен притисок 101,3 kPa.....-47°C

Точка на вриење на референтен притисок 101,3 kPa.....105°C

Растворливост

Неограничено се раствора во вода

Се раствора во органски растворувачи (етанол и етер)

10) Стабилност и реактивност:

PERAL S е стабилен при нормални услови на складирање и употреба. Во оригиналната амбалажа на суво, темно и ладно место стабилен е 24 месеци. Не се познати опасни продукти на распаѓање.

11) Токсиколошки податоци:

Пероцетна киселина 15 %:

Пресметана акутна орална токсичност LD_{50} за стаорец е > 2000 mg/kg

Пресметана акутна орална токсичност LD_{50} за глушец е 210 mg/kg

Пресметана акутна орална токсичност LD_{50} за морско прасе е 10 mg/kg

Акутна дермална токсичност LD_{50} на кожа на стаорец е 1975 mg/kg

Акутна дермална токсичност LD_{50} на кожа на глушец 1540 µg/kg

Акутна дермална токсичност LD_{50} на кожа на куна 1410 µg/kg

Акутна инхалациона токсичност LD_{50} на стаорец 590 mg/kg

Акутна инхалациона токсичност LD_{50} на глушец 450 mg/kg

Connect with CarCleaner

Акутна интравенска токсичност LD_{50} на глушец 17860 µg/kg

Иритационен ефект на очи на куна: силно корозивно и доведува до неповратнно оштетување.

Иритационен ефект на кожа на куна: силно корозивно и доведува до неповратнно оштетување.

Не треба да се дозволи препаратот да дојде во допир со земјата, водните текови, водата за пиење и канализацијата.

Не се познати сензбилирачки ефекти од овој препарат.

Нема податоци за канцероген потенцијал на овој препарат.

Нема податици за репродуктивна токсичност на овој препарат.

Оцетна киселина, мин. 98 %:

Акутна орална токсичност LD_{50} за стаорец е 3310 mg/kg

Акутна дермална токсичност LD_{50} на кожа на зајак 1060 µg/kg

Акутна инхалациона токсичност LD_{50} на глушец 5620 ppm

Траење на изложеност 1 час

Иритационен ефект на кожа на зајак: умерено иритирачки

Иритационен ефект на очи на зајак: силно корозивен

Водород пероксид:

Акутна орална токсичност LD_{50}/LC_{50} за стаорец 801 mg/kg

(Литературен податок за 60% водород пероксид)

Акутна орална токсичност LD_{50} за зајак > 6500 mg/kg

(Литературен податок за 70% водород пероксид)

Акутна инхалациона токсичност LC_{50} за стаорец > 0,17 mg/L

Траење на изложеност 4 часа

(Литературен податок за 50% водород пероксид)

Иритација на кожа: Корозивно после 1 час изложеност (зајак)

(Литературен податок за 50% водород пероксид)

Иритација на очи: Ризик од сериозна иритација на очите

(Литературен податок за 35% водород пероксид)

Сензибилитација: не се познати ефекти на сезибилитација

Кај луѓето предизвикува тешки изгореници на кожата.

12) Екотоксиколошки податоци:

Пероцетна киселина 15%:

Пресметана акутна 96 h ErC_{50} за алги (различни видови) е 0,7 – 16 mg/L

Пресметана акутна 96 h ErC_{50} за дафнија (Crustaceans, Daphnia magna) е 3,3 mg/L

Пресметана акутна 96 h ErC_{50} за риби (Salmo gairdneri) е 13 mg/L

Аеробна биоразградливост во вода > 70%, 28 дена

Водород пероксид:

Перзистентност и биоразградливост:

- Подлежи на фотохемиско распаѓање
- Биоразложлив

Биоакумулација:

Не е биоакумулативен, брзо се разградува на кислород и вода.

Екотоксичност:

Токсичност за риби: LC_{50} Ictalurus punctatus : 37,4 mg/L,96 h

LC_{50} Pimephales promelas : 16,4 mg/L,96 h

Литературни податоци за 100% водород пероксид

Токсичност за алги: LC_{50} Chlorella vulgaris : 2,5 mg/L,72 h

LC_{50} Blue green algae : 1,7 mg/L,72 h

Метода OEOD TG 201, податоци за 100 %водород пероксид

Оцетна киселина, мин.98%:

Токсичност за риби 96 h LC_{50} за риби (слатководна и морска) е 300,82 mg/L

Токсичност за 48 h EC_{50} за дафнија (Daphnia Magana) е 300,82 mg/L

Токсичност за алги 72 h ErC_{50} за алги (Skeletonema costatum) е 300,82 mg/L

Перзистентност и разградливост

Перзистентност

Не се очекува да биде перзистентен поради брзата биоразградливост, нискиот потенцијал за апсорпција во органски материи и нискиот потенцијал за биоакумулација.

После испуштање во земја

Ksoil 0,023 d-1, Ksed 0,0023 d-1 Време на полураспаѓање 14,4 h.

Напомена: Се очекува брзо да испари.

После испуштање во вода

KW 0,047 d-1, BCF 3, 16, BAF 0,947

Напомена: Се очекува да дојде брзо до биоразградување.

После испуштање во воздух

Kair 0,6 x 10-12 cm^3 molec-1 s-1, Време на полураспаѓање 26,7 часа

Напомена: Се очекува брзо да се разложи со фотооксидација.

Биорзаградливост

Вредност 96%, референтно време 20 дена (метод биооксидација)

Напомена: Се очекува брзо да се биоразгради.

Биоакумулативност

Поседува низок потенцијал за биоакумулација и апсорпција (log Pow < 3). Најголем дел испарува во атмосферата каде доаѓа до брза фотооксидација со пресметано време на полураспаѓање од 26,7 часа. Делот кој ќе дојде до водата, бидејќи е добро растворлив во вода брзо ќе се разгради.

Коефициент на апсорпција

KOC 1,153 L/kg, референтна температура 20°C

PBT својства- Не спаѓа во групата PBT/vPvB хемикалии.

Останати штетни ефекти

Не смее да се испушта во земјата, водената средина, одводот или канализационата мрежа.

13) <u>Податоци за третманот и одлагањето:</u>

Оваа супстанца и нејзината амбалажа мора да се одстрануваат како неискористени отрови и амбалажа.

Со остатоците од биоцидниот производ се постапува според Законот за справување со отпад ("Службен гласник РС" бр.36/09, 88/10), а со неискористената амбалажа во согласност со Законот за амбалажа и амбалажен отпад ("Службен гласник РС" бр.36/09).

14) <u>Податоци за превозот:</u>

Патен/железнички транспорт (ADR/RID)/ поморски транспорт(IMDG)/ авиотранспорт (ICAO/IATA):

UN број: 3109

Класа примарна 5,2 (органски пероксид)

Класа секундарна 8 (корозив)

Група на пакување II

Технички назив: органски пероксид тип F течност (пероцетна киселина 15%, водород пероксид < = 15-30%).

15) Регулаторни податоци:

Класификација на хемикалии според Правилникот за класификација, пакување, обележување и огласување хемикалии и одредени производи ("Службен гласник на Република Србија" бр. 59-2010, 25/2011, 92/2011).

Обележување на хемикалии според Правилникот за класификација, пакување, обележување и обележување хемикалии и одредени производи ("Сл. гласник на РС" бр. 59-2010, 25/2011, 92/2011).

Правилник за содржината на безбедносниот лист "Службен гласник на РС" бр. 92/11.

Релевантните ознаки за ризик и ознаки за безбедноста се наведени во точка бр. 2 од овој безбедносен лист.

16) Останати податоци:

Означувањето на хемикалиите според Правилникот за класификација, пакување, обележување и огласување хемикалии и одредени производи ("Службен гласник на Република Србија" бр. 59-2010, 25/2011, 92/2011)

Останати ознаки за ризик кои припаѓаат на супстанците од точка 3.

R5 Загревањето може да предизвика експлозија. R7 Може да предизвика пожар. R8 Во контакт со запаливи материјали може да предизвика пожар. R10 Запаливо. R20/21/22 Штетно ако се вдише, ако е во контакт со кожа или ако се проголта. R35 Предизвикува тешки изгореници. R50 Многу токсично за водени организми.

Обележување хемикалии според Правилникот за класификација, пакување, обележување и рекламирање хемикалии и одредени производи во согласност со Глобално хармонизираниот систем за класификација и одбележување UN ("Сл. Гласник РС" бр. 64/2010 и 26/2011)

Известување за опасностите кои припаѓаат на супстанците од точка 3.

H226 Запалива течност и пареа

H242 Загревањето може да доведе до пожар

H271 Може да предизвика пожар или експлозија, силно оксидационо средство

H314 Предизвикува тешки изгореници на кожата и оштетување на очите

H332 Штетно ако се вдише

H312 Штетно во контакт со кожа

H302 Штетно ако се проголта

H400 Многу токсично за живиот воден свет

PERAL S се пакува и испорачува во оригинална пластична амбалажа од 10 литри и 50 литри со оригинални етикети.

Амбалажата во која се чува производот мора да има специјален сигурносен затворувач.

Само за професионална употреба!

Напомена:

Изнесените податоци се засновани на нашето сегашно ниво на знаење и искуство и го карактеризираат нашиот производ во согласност со безбедносните барања. Употребата на производот е надвор од наша контрола и во случај на неправилна употреба или непочитување на упатствата не одговараме за настанатите последици.

YUCCA FARM PACK

Yucca Farm Pack, čiji aktivni sastojci dolaze iz ekstrakta biljke Yucca Schidigera, je bezbedan proizvod i pogodan za okolinu.

Ovaj prirodni ekstrakt se dobija hladnim ceđenjem i koristi se za redukciju neprijatnih mirisa, amonijaka i drugih emisionih gasova kod životinja, poboljšavajući time ambijent, zdravlje i produktivnost životinja.

Saponini i glikokomponente koje sadrži ekstrakt biljke Yucca Schidigera su aktivni sastojci proizvoda Yucca-Plus Liquid.

Široka primena ovog prirodnog proizvoda svrstava je u sam vrh proizvoda koji se koriste direktno na farmama.

Prednosti usled korišćenja:

- ✓ Poboljšanje mikroklime, higijenskih i ekoloških uslova na farmi
- ✓ Značajno smanjenje amonijaka i neprijatnih mirisa u objektu.
- ✓ Smanjenje učestalosti plućnih oboljenja kod životinja (mikoplazma)
- ✓ Značajno smanjuje broj patogenih bakterija u okruženju (biološka higijenizacija)
- ✓ Bolje performanse životinja
- ✓ Ubrzava sazrevanje stajanjaka i osoke, olakšava manipulaciju, povećava protočnost
- ✓ Manje problema sa inspekcijom zaštite životne sredine (redukcija sadržaja amonijaka)
- ✓ Bolji kvalitet đubriva za agronomsku primenu

Proizvod je bezopasan za životinje i ljude i nije korozivan. Nema kontraindikacija, ne zahteva nikakvu posebnu zaštitu.

Doziranje: 1kg/t hrane za sve vrste životinja.

ALPEX FEED

Braće Novakov 61, 21433 Silbaš, www.alpexfeed.rs

СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВИНИ И ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ

ПРОЦЕДУРА: ПРИЕМ, РАКОВОДЕЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА НАБАВЕНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ (ПРОИЗВОДИ)

1.0 ПРЕДМЕТ

Со оваа процедура е опишан начинот на прием, раководење, складирање и издавање на набавени материјали со цел спречување на оштетување или влошување на квалитетот за цело време додека набавениот материјал се наоѓа во **Фарма за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

2.0 ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

За доследна примена на оваа процедура е одговорен Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** или друго лице назначено од страна на одговорните лица

3.0 ПРОЦЕДУРА

ПРИЕМ НА РОБАТА ВО МАГАЦИН

Превземање на робата го врши Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** или друго лице назначено од страна на одговорното лице на основа на испратница (доставница), превозница и друга документација која испорачателот ја приложува со робата.

При превземање на робата Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** или друго лице назначено од страна на одговорното лице ја споредува документацијата на испорачателот и превозникот со документацијата за нарачка и со оригиналните ознаки на пакување на робата; врши преглед на состојбата на пратката, утврдува количината и ги исполнува документите за превемање на пратката - приемница која ја доставува во книговодствено - сметководствен сектор.

Кога се утврди усогласеност на испорачаниот материјал со порачката, Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** или друго лице назначено од страна на одговорното лице донесува одлука дали робата ќе се истовари или активноста за приемно контролирање и испитување ќе се изврши додека е робата на возилото.

Робата Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** или друго лице назначено од страна на Раководителот ја сместува издвоено и на начин да лицето кое изведува приемно контролирање и зема мостри може непречено да ја изведува својата работа.

Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** или друго лице назначено од страна на одговорното лице е должен да го следи датумот на повторно контролирање согласно Дневните листи на прием

Рекламираната роба, Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** ја чува и складира под пропишаните услови цело време додека не се одлучи натамошната иднина. Доколку робата се враќа заради неисправност или несоодветен квалитет се изготвува Записник за враќање согласно процедурата Рекламација на набавени материјали

СКЛАДИРАЊЕ

Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** го дефинира начинот и методите на ракување со робата да не би дошло до оштетување, како и местото за сместување на робата во **Фарма за одгледување на свињи со млин за производство на сточна хранана ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**.

Распоредот и начинот на сместување мора да обезбеди добра прегледност, потребни транспортни патеки за манипулација, како и можност за адекватно одржување на хигиена во **Фарма за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна**

Раководителот така го одредува местото за сместување и така ја организира работата во објектот за да се испочитува принципот "прво влегло" - "прво излегло" (Fi-Fo - ,,first in – first out,,).

Чувањето на материјалите во **Фарма за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна**мора да биде такво да обезбеди да се сочува целокупниот квалитет на робата до употреба.

Робата мора да се обезбеди од оштетување, расипување, разлевање како и можните вкрстени контаминации и контаминација на околината и мора да биде сложена така да јасно се гледаат контролните броеви и да се овозможи чистење, дезинфекција и дератизација на магацинот.

Штампаните материјали мораат да се складираат одвоено од останатите производи, во оригинални пакувања, јасно означени.

Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** уредно води евиденција за состојбата со залихите по врста на материјалот, количината, серијата и староста, и регистрира секој влез на робата како и издадените количини.

Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** е должен да обезбеди редовно одржување на хигиена во објектот, што подразбира редовно чистење и отстранување на непотребните материјали.

Дезинфекција и дератизација се спроведува според Планот за ДДД и Елаборатот за ДДД за што одлучува самиот раководител од страна на соодветниот надлежен орган / институција задолжено за ДДД.

За состојбата во објектот и превземените мерки за негово санитетско одржување се води посебна евиденција во Дневните листи за извршениот прием на робата во кој се наведуваат кои мерки се превземени, кој ги превзел и со какво средство е третирана околината.

РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** со своја контрола и упатства обезбедува адекватно ракување со материјали со што се спречува оштетување на материјалите, на робата и на околината односно складиштениот простор.

ИЗДАВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ

Издавање на материјалите се врши по принцип да се издаваат само оние материјали кои се оценети како соодветни, да се издаваат материјали во вистинска количина и правовремено.

Материјалите од магацинот не се издаваат без знаење на Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

Количината на издадениот материјал се проверува со мерење или броење.

ПРИЕМ (ПОВРАЌАЈ) НА НЕПОТРОШЕНИТЕ КОЛИЧИНИ НА МАТЕРИЈАЛОТ

Враќање на означените (кодирани) производи во **Фарма за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна**на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** не е дозволено. Тие се оставаат во однапред за тоа утврден физички простор.

4.0 КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

Ако во текот на одвивање на производство на кроасани дојде до било какви нарушувања или до несакани ситуации со набавените производи или суровини, извршителите веднаш превземаат мерки за корекција, а количината на производот која настанала за времетраење на нарушувањата се издвојуваат, обележуваат и со нив понатаму се постапува како со неусогласен производ.

За настанатата ситуација извршителот го известува Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

Доколку нарушувањата се од таква природа да ги надминуваат можностите на извршителот, извршителите веднаш го известуваат Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** кој треба да превземе мерки за корекција

Во случај на било каков инцидент се спроведува проценка на безбедноста на готовите производи.

5.0 ЗАПИСИ

- Упатство за влегување во објект

- Упатство за почитување на правилото Фи-Фо за сместување и дистрибуција на набавени суровини
- Испратница
- Приемница
- Сертификати за микробиолошка исправност на набавените суровини
- Хигиена на објект

Сите записи се чуваат 3 години.

6.0 ОДГОВОРНОСТИ

Документација — Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

7.0. ВЕРИФИКАЦИЈА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОГРАМИ

Верификацијата на процедурата се изведува во текот на реализација на самото работење и на крајот на реализацијата на активностите. Верификацијата ја вршат одговорни лица предвидена со самата процедура. Начинот на верификација може да биде по пат на: редовни и вонредни интерни проверки на системот

УПАТСТВО ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО ОБЈЕКТ во ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

1. ВО ОБЈЕКТОТ СЕКОГАШ СЕ ВЛЕГУВА СО:

- ПРОПИШАНА ЧИСТА РАБОТНА ЗАШТИТНА ОБЛЕКА КОЈА СЕ КОРИСТИ ИСКЛУЧИВО ЗА РАБОТА ВО ОБЈЕКТОТ;
- ЧИСТИ И ДЕЗИНФИЦИРАНИ ОБУВКИ;

2. СЕКОГАШ ПОМИНУВАЈТЕ ПРЕКУ ДЕЗОБАРИЕРАТА.

НЕЈЗИНОТО ЗАНЕМАРУВАЊЕ ЗНАЧИ И МОЖНО ВНЕСУВАЊЕ НА ШТЕТНОСТИ ВО ОБЈЕКТОТ.

ИСПРСКАЈТЕ ГИ РАЦЕТЕ СО ТЕЧНОСТА ВО ПУМПИЦАТА ПРЕД ДА ВЛЕЗЕТЕ ВО ОБЈЕКТОТ

3. ВО ОБЈЕКТОТ СМЕАТ ДА ВЛЕГУВААТ САМО ЛИЦАТА ОДРЕДЕНИ ЗА ТАА НАМЕНА. НИКОГАШ НЕ ВЛЕГУВАЈТЕ БЕЗ ПОТРЕБА.

Раководител

УПАТСТВО ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛОТО ФИ - ФО (ПРВО ВЛЕГЛО - ПРВО ИЗЛЕГЛО) ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА НА НАБАВЕНИ СУРОВИНИ ВО ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

1. Чувањето на материјалите во објектот мора да биде такво да обезбеди да се сочува целокупниот квалитет на робата до употреба.
2. Робата мора да се обезбеди од оштетување, расипување, разлевање како и можните вкрстени контаминации и контаминација на околината.
3. Робата мора да биде сложена така да јасно се гледаат контролните броеви и да се овозможи чистење, дезинфекција и дератизација и истата треба да е одделена од ѕидот. Притоа прво се користи робата која е прво влезена во објектот при што се работи обрт на стоката во објектот
4. Штампаните материјали мораат да се складираат одвоено од останатите производи, во оригинални пакувања, јасно означени.
5. Раководителот на објектот уредно води евиденција за состојбата со залихите по врста на материјалот, количината, серијата и староста, и регистрира секој влез на робата како и издадените количини.
6. Раководителот на објектот е должен да обезбеди редовно одржување на хигиена во објектот, што подразбира редовно чистење и отстранување на непотребните материјали.
7. Дезинфекција и дератизација се спроведува според Планот за ДДД и Елаборатот за ДДД од страна на соодветниот надлежен орган/институција задолжен за ДДД.
8. Во објектот секогаш се влегува според однапред определена и важечка процедура.
9. Во објектот да се одржуваат соодветни микроклиматски услови за складирање на храна

НЕ ЗАБОРАВАЈТЕ:

ЗАПАЗУВАЊЕТО НА ВИСОКИТЕ КРИТЕРИУМИ НА БЕЗБЕДНОСТ НА НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ ЗНАЧИ ВАША ОБВРСКА, ДОЛЖНОСТ И УСПЕХ.

РЕЗУЛТАТИТЕ ЌЕ ГИ ПОЧУВСТВУВАТЕ ВИЕ САМИТЕ

Раководител

_____

ОПИС НА ТЕХНОЛОШКА ПОСТАПКА

ОПИС ЗА ТЕХНОЛОШКАТА ПОСТАПКА ЗА ФАРМА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СВИЊИ СО МЛИН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОЧНА ХРАНА

ЗА

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на правното лице или физичкото лице кое ќе врши дејност или активност	Друштво за производство, трговија и услуги ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА
Правен статус	ДОО
Сопственост на компанијата	Приватна (100%)
Деловно седиште на правниот субјект (заведена во Централен регистар)	Индустриска бр.40 Мрзенци, Гевгелија
Адреса каде (ќе) се одвива дејноста/активноста	Индустриска зона бр.40 Мрзенци, Гевгелија
Единствен број на правното лице	7207417
Шифра на основна дејност според НКД	01.50 Мешовито фармерство
Број на вработени во објектот каде ќе се врши дејноста или активноста за кој се поднесува барањето	4
Вкупен број на вработени во правното или физичкото лице кое врши дејност или активност	4
Проектиран капацитет	Околу 1700 товеници, 2500 прасиња и 250 маторици годишно и 1 тон на час произведено добиточна храна
Име и презиме на лицето надлежно за контакт во врска со одобрување на елаборатот и неговата функција	Томе Илков
Телефонски број за контакт	+389 (78) 228441

2. ОПИС НА ТЕХНОЛОШКАТА ПОСТАПКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПРОИЗВОДИТЕ

2.1.Опис на дејноста

Инсталацијата преставува место каде се врши одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна во близина на Гевгелија

Избраното технолошко решение кое е применето во Инсталацијата е т.н. **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** како дел од деловен простор - сопственост на компанијата ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Процесот на одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна е со едноставен алгоритам и се изведува во следните фази:

- Прием на суровини во магацин
- Регистрирање во деловни книги
- Прием на храна во силос за сместување на сточна храна
- Процесирање во објект – хранење, поење, оплодување, прасење
- Испорака до деловна единица за трговија

- **Опис на суровини и помошни материјали / готови производи**

Основните суровини, кои се користат за извршување на планираните активности на Инсталацијата и нејзините делови, воглавно претставуваат материјали кои не содржат опасни супстанции и кои се специјални за ваков вид на Инсталација.

Поголем дел од суровините претставуваат состојки кои се користат во целост, без остатоци, поради што не постои штетно влијание на околината или со остатоци кои не се штетни за природата

Материјал (супстанција)	Количина (дневно)	Годишна употреба	Природа на употребата
Сточна храна	2500 кг	1000 т	За одгледување на свињи
Вода	6000 л	2200 т	За одгледување на свињи

- **Извори на емисии од инсталацијата**

Природата на дејноста која се врши во ***Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна*** во близина на Гевгелија, укажува на ненасочената емисија на компоненти во воздухот но нема таква концентрација на штетни материи кои би ја

надминале максимално дозволената концентрација и штетно би влијале врз животната средина и природата.

Нивото на бучавата е во границите на максимално дозволеното ниво.

Според природата на дејноста, активностите во Инсталацијата не создаваат штетни вибрации.

Во околината на Инсталацијата и нејзините делови како и на нивната локација нема извори на нејонизирачко зрачење

2.3 Опис на инсталацијата

Инсталацијата е комплекс од ***Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна*** **во близина на Гевгелија** на барателот ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА . Во продолжение е даден детален опис на инсталацијата


Во рамките на Комерцијално – деловниот комплекс со **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , покрај објектот се наоѓа и

- Административен простор
- Тоалети
- Паркинг простор


Во продолжение на излагањето ќе се даде детален опис на градежните објекти и економските единици кои се лоцирани на инсталацијата


- **Извод од просторниот план**

Со просторниот план УП за близина на Гевгелија се утврдува дека **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** како дел од постоечки комплекс со сиот свој расположив имот се задржува во опфатот на своите граници



Сл.1 Локација на Објектот за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА





Сл.2

Дел од Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна

Зоната на и околу Инсталацијата е во границите на урбанистичкиот зафат и се разработени со детални урбанистички планови.

При имплементирање на Инсталацијата во индустриски комплекс е водено сметка истата да биде урбанистички вклопена во непосредната околина и постојните објекти земајќи ја во предвид и конфигурацијата на теренот.

Парцелата се наоѓа надвор од населено место од левата страна на рамен терен на **Имотен лист:**

- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Б 1-17 со површина од 355м^2,
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 212м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 184м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 27м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4618/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 162м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4619/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 29м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 303м^2

- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 7м^2

Комерцијално деловниот комплекс – **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** е со висина од приземје и претставува независна целина со посебен влез, наменет за задоволување на потребите на инвеститорот.

Димензионирањето и начинот на поделба на објектот, како и функционалната поделеност на истиот е во рамките на програмските барања на инвеститорот.

Катноста на објектот е дефинирана како приземје со пристапна рампа.

Проектираниот габарит е во рамките на утврдената површина за градење.

Поставеноста на објектот овозможува пристап на возила од парцелата од земјоделскиот пат.

Паркирањето на моторните возила е решено во рамките на градежната парцела односно на паркинг

- **Микролокација на просторот каде ќе се вршат одредени дејности или активности**

Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА како Инсталација е поставен во рамките на предвидената површина за ваков вид на Инсталација а во согласност со констатираните потреби на Инвеститорот за посочената активност. Објектот е изграден во согласност со:

- „Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот„ (Сл.весник на РМ бр.2/2002)
- „Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот„ (Сл.весник на РМ бр. 50/2003)
- Според планската документација на Општина Гевгелија
- Според Урбанистичкиот план на Општина Гевгелија

Предметната локација се наоѓа во близина на с.Мрзенци, Општина Гевгелија на рамен терен во близина на населено место на далечина од 1,5 км.

Градежната парцела од сите страни е ограничена со земјоделски површини

Се работи за зона, без поголема изложеност на бучава од активностите на Инсталацијата, локацијата е добро осветлена и овозможено е непречено струење на воздухот.

Во моментот локацијата претставува изградено градежно земјиште со урбанистичко уреден простор.

Урбанистичката парцела има можност за лесно приклучување на постоечката инфраструктура.

Самата локација на Инсталацијата поради лоцираноста во близина на населено место сепак не претставува никаква опасност, ниту пак нејзината функција е од загадувачки карактер.

Целокупната парцела на која функционира комплексот на **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** во моментот на изготвување е заграден а и оддалеченоста од патот како и производството кое се изведува во објектот не наведуваат на фактот дека нема да има никакво влијание од надворешната средина.

3.0. СУРОВИНСКИ БИЛАНС И АСОРТИМАН НА ПРОИЗВОДИТЕ

Комплексот од Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна е адаптиран во деловен постор изграден на постоечка урбана површина во атарот на с.Мрзенци Гевгелија и е со капацитет од 1700 број на товеници, 2500 прасиња и 250 маторици годишно и 1 тон на сточна храна на час кое се произведува по потреба.

Земјиштето на комплексот се диференцира на:

1.отворен дел составен од:

- урбани површини
- пристап, паркинг и економски влез

2.изграден дел

-површина под објекти

а.ОТВОРЕН ДЕЛ

Локацијата е урбанистичка парцела која го обезбедува изградениот и слободниот простор на земјиштето. Локацијата ги обезбедува следните услови:

- во непосредна близина на комплексот има развиена зелена површина која се користи за примена на хортикултурни решенија;

- локацијата е приклучена на постоечката инфраструктура;

- на локацијата од страна на инвеститорот е обезбедена сигурност на објектот вклучувајќи го и целото земјиште на објектот;

- локацијата на Објектот за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА е заштитена од бучава и концентрација на штетни материи во воздухот, кои не ги надминуваат дозволените рамки пропишани за станбени населби.

Неизградениот дел е составен од површини за пристап, паркинг и економски влез.

Затворениот простор е организиран за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна каде е сместена и опремата за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна

Обработката на површините е од материјали што не се лизгаат (бетони др.)

Инсталацијата има благо сончева положба, од југо - исток до исток, заштитено од ветер и поседува природни и вештачки сенки. Зелените површини се интегративен дел на Инсталацијата.

Пристап претставува приод или влез со пешачки патеки, паркинг простор и економски влез и се однесува на:

- пешачки патеки кои служат за совладување на растојанието помеѓу патот и влезот на објектот и истите треба да се безбедни и заштитени, тампонирани, но да се избегне лизгавоста и хортикултурно да се обликуваат;

- паркинг простор кој служи за пристап на возила и не треба да ја попречува редовната активност на објектот

Согласно законската регулатива кои се однесуваат на ветеринарните барања превидено и дезобариера на влезот во комплексот како за возилата така и за луѓето кои влегуваат во комплексот.

Согласно прописите за противпожарна заштита (ППЗ) потребно е просторот за противпожарно возило (ПП возило) како и за друго ургентно возило да биде со широчина од најмалку 4 м.

Економскиот влез треба да овозможи директна врска со комплексот и истиот треба да има добри врски со сообраќајницата. Големината на економскиот влез треба да има добри врски со сообраќајницата и да одговара така да е можно пристап и вртење на лесни транспортни возила, паркирање, третман на отпад и доставување на суровини.

б. ОБЈЕКТ – ИЗГРАДЕН ДЕЛ

Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА со капацитет од 150 маторици, 450 броја прасиња и 450 товеници се објекти сопственост на компанијата кои се изградени согласно техничките прописи и стандарди за градба на објекти а кои се однесуваат на овој вид на производни услуги

Сите три објекти се на приземје, димензионирани и обликувани функционално и естетски, во согласност со потребите и активностите на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА . Организацијата на просторот овозможува разновидни активности како и оптимална поврзаност и прегледност.

Објектот ги содржи следните просторни групи:

- простори за одгледување на свињи со севкупната опрема која е предвидена за ваков вид на производство;
- простор за производство на сточна храна

- простори за миење;
- простори за сместување на амбалажа
- простори за разни видови на отпад
- тоалетни простори
- простори за комуникација;
- административен простор

Внатрешната површина ја вклучува целата слободна површина наменета за различни активности на **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

3.2. Опис на услугите, методите и помошните процеси кои се користат на инсталацијата

Според основната дејност на Инсталацијата, може да се диференцира еден основен процес, и тоа:

- **Одгледување на свињи**

Севкупниот „потенцијал„ на Инсталацијата се изведува преку следните модули – простори и простории на Инсталацијата:

А. Одгледување на свињи

Севкупниот „потенцијал„ на Инсталацијата се изведува преку следните модули – простори и простории на Инсталацијата:

А.1. **Простор за прием на суровини во магацин** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство.

А.2. **Простор за прием на сточна храна** – низ посебен систем за дотур на сточна храна кој се простира од погонот а производство на сточна храна па до секој од објектите се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носи храната до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот. Силосите редовно се чистат и дезинфицираат пред секоја употреба. Од силосите храната се дистрибуира до секоја хранилка на кафезите со транспортна опрема. Тие се со следниот капацитет

- Во халата за товеници 2 силоси од по 5 тона
- Во прасилиште 1 силос од 2.5тона
- Во чекалиште 1 силос од 2.5 тона.

- Во Б фаза 2 силоси по 2.5 тона

А.3. **Процесирање во објектите за одгледување на свињи** – Објектите за одгледување на свињи се опремени со специјализирана опрема која се состои од:

- кафези - капацитет – маторици 150, прасиња 450 и товеници 450 броја;
- систем за одведување на измет;
- поилки;
- хранилки со автоматски систем на храна;
- систем за ладење и климатизација

Кафезните батерии се приземни а на нив се инсталирани линии за хранење, напојување со вода, изѓубрување.

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот и температурата на објектите. Притоа тие се поставени како системи со јачина од 400 W и тоа

- Во халата за товеници поставени 2 системи на вентилатори
- Во прасилиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во чекалиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во Б фаза поставени 3 системи на вентилатори

Климатизацијата е опремена и со систем за ладење со т.н. водени завеси кои се состојат од систем на кров од цеви со вода и притоа со вода која ќе се слива се прави водна завеса.

Воздухот поминувајќи низ таа завеса се лади, прочистува и влажен така да во објектот се стваараат строго контролирани климатски услови неопходни за одгледување на свињите.

Исто така се контролираат притоа и концентрациите на амонијак и јаглероден диоксид кои се многу токсични во поголеми концентрации.

Храната се дотура од силосите автоматски со бункери, како што е и системот на вода преку автоматски систем на цевки. Системот за хранење е составен од силоси ланчест транспортер и хранилки за секој од трите објекти посебно

За свињите во сите фази најголемо значење има хранителната вредност на смесата за исхрана. Таа мора да оди согласно фазата на производство и типот на свињата. Највисока хранителна вредност на смесата треба да биде во прва фаза на тов,

бидејќи во тој период свињата треба најмногу да расте. Доколку храната не ги задоволува потребите од хранивите материи за својата намена тогаш:

- свињата губи од својата тежина, наместо да расте,
- станува кахектична и поради тоа морталитетот се зголемува,
- производствениот модул опаѓа а големината заостанува.

Потребно е да се напомене дека штотуку вселените прасиња за тов во објектите кои се од сопствено производство се хранат со преодни типови на храна

Смеските за свињи низ различните фази на тов треба да имаат одредена ориентациона хранителна вредност

Системот за напојување е со филтри, нумерач на проток, регулатор на притисок, разводни цевки и нипли.

Изѓубрувањето се врши преку соодветна опрема и е поставена на секоја канална единица. Ѓубрето се изнесува преку соодветен систем до лагуна каде се таложи а потоа се товари во специјален камион - кипер. Понатаму камионот ѓубрето го транспортира до земјоделски површини каде се користи за ѓубрење на истите. На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина. Раководниот тим на компанијата има капацитет да ги исполни целите на овој проект:

- Решавање на проблемите со ѓубрето со негова редукција и елиминирање
- Решавање на проблемите со депонирање на мртвите свињи што значи и исполнување на процедурите на ISO 14001:2000
- Намалување на трошоците кои се прават во однос на депонирањето на ѓубрето и лешевите: транспрот, дезинфекција на возила, амортизација на возилата, работната сила и сл.
- Решавање на проблематиката со микробиолошка контаминација на отпадните води
- Добивање на производи со високи нутриционистички вредности
- Добивање на производ што може да се користи за сите земјоделски култури а со тоа да се добијат еколошки производи со што земјоделците би ги исполниле критериумите на EUREPGAP - системот за органско производство;
- Добивање на производство без придружба на патогени микроорганизми
- Добивање на производство кај кој се елиминирани сите животни биопродукти

Осветлување на објектот е вештачко и контролирано со регулатор на светлина, тајмер и флуоросцентно оранж светилки на местата на прасилиште. Светлосниот

интензитет треба да има изведена во сите делови на објекти и треба да изнесува во согласност со барањата на категоријата ан свињата. Исто така интензитот е изведен и по висина.

А.4. **Испорака** – По завршување на процесот на тов врз основа на договори за испорака на свињите се товарат со возила на договорената страна и се изнесуваат од објектот.

Б. Производство на добиточна храна

А.1. **Простор за прием на суровини во погон за производство на сточна храна** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство. Одреден дел од суровините бидејки се во вреќи се истоваруваат на палети во непосредна близина на млинот за производство.

А.2. **Простор за прием на житни култури** – низ посебен систем за дотур на житни култури кој е во погонот за производство на сточна храна се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носат до млин за мешање на храната а од тука храната со ситем на цевни транспортери се носи до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот.

Транспортното возило за пренос на сточната храна е возило кое што е затворено од сите страни што значи дека нема можност за атмосферски влијанија. Возилото е покриено со непропустлив материјал преку целата негова површина. Во било кој период нема никаква опасност околу нарушување на безбедноста на храната.

Возилото пред секое уфрлање на суровини се дезинфицира по мерките и прописите за дезинфицирање на објекти, површини и простори. Комплетната затвореност на возилото значи дека е елиминирано секакво атмосферско влијание.

А.3. **Регистрирање во деловни книги и прием на материјалот во погон за производство** – по приемот во магацинот се заведува суровината, материјалите и сл во деловните книги со сите декларации, декларации за квалитет и сл. со што се врши и прием на материјалот спремен за производство.

А.4. **Процесирање во погонот за производство на сточна храна** – Објектот за производство на сточна храна е опремен со специјализирана опрема која се состои од:

- два силоси по 250 тони за сместување на житарици – пченка, пченица и соја
- три силоси за готова храна по 5 тона

- 4 силоси за готова храна по 2.5 тона
- систем за климатизација
- систем за автоматска припрема на добиточна храна

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот на погонот

Останатите адитиви се дотураат рачно во млинот со претходно одмерување

Отпадот кој се создава при производство на сточна храна се во голема мера натрон вреки кои се собираат се врзуваат и се носат на определено место од каде се предаваат на овластени компании за таа намена.

На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина.

Осветлување на објектот е вештачко и природно. Светлосниот интензитет е изведен во сите делови на погонот но се избегнува работа надвор од работното време.

А.4. **Испорака** – По завршување на процесот се носи храната надвор во соодветен силос и од тука се носи преку систем на цевен транспортер до местото каде за истата има потреба.

3.4. Мерки на сигурност и техничка заштита

Потребните мерки за сигурност и техничка заштита на оваа Инсталација се следните:

- да се почитуваат и применуваат сите законски одредби и прописи за безбедност и здравје при работа како и посебните упатства од работодавачот
- да се запазуваат сите потребни барања и услови кои се составен дел од **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , во делот на стандардите, нормативите и законските одреди за изведување на ваков вид на работи
- да се води сметка и евиденција за личната заштитна опрема на вработените согласно пропишаните законски одредби и нормативи
- да се врши тековно одржување и чистење на **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

3.4.1 План за одржување на хигиена

Хигиената на просторот и уредите се одржува со средства наменети за објектот според упатствата на производителите.

Планот за хигиена е во согласност со Прирачникот за добра хигиенска пракса и согласно Процедура за одржување на опрема

3.5 План за менаџирање со отпад

Како отпад од Инсталацијата и нејзините делови се јавува:

- Отпадна вода од перење на објектот
- отпадна вода од тоалетите
- цврст комунален отпад
- течен измет од свињи
- отпад од пакување
- цврст отпад од одгледување на свињите – измет
- отпад од изумрени свињи

а.Цврст отпад – комунален отпад и отпад од пакување –се дислоцира во контејнери на посебно за таа намена место кое ќе биде означено согласно Програмата за мерки за подобрување на животната средина и за која има склучено Договор со овластено комунално претпријатие

в. Водата од перење, тоалети се испушта во септичка јама со постојана контрола од самиот почеток

Целокупното менаџирање со отпад се одвива врз следните документации:

- Процедура за менаџирање со отпад
- Програма за обука за депонирање на отпад
- Технолошка постапка за депонирање на отпад
- Мапа со означени места за депонирање на отпад

Ракувањето со материјалите е во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот (Сл. Весник на РМ бр. 68/2004 и исправка бр. 71/2004), а отпадот е класифициран според Листата на видови на отпади (Сл. весник на РМ бр. 100/2005).

Отпадот од изметот од свињите се дистрибуира по претходно утврден План и динамика на обработливо земјоделско земјиште

Отпадот од изумрени свињи се депонира на соодветно означено и обезбедено место - јама од надворешни влијанија и се третира со вар како би се спречиле контаминации на околината

Во своите развојни планови компанијата има предвидено:

- Нови инвестиции за зголемување на квалитетот на своите активности во **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

Кај Операторот, **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** не е воспоставен систем за управување со животната средина. Управувањето на инсталацијата и нејзините делови (подинсталации) е доверено на вработените во организацијата.

Дел од активностите во Инсталацијата се доверени на надворешни соработници/ организации.

4. ПОСТАПКИ НА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СВИЊИ

- Објекти за гоење на свињи (гоилишта)

Фармата располага со 3 типски објекти за гоење свињи.

Гоилиштата се приземни објекти од цврста градба, наменети за гоење на свињи со просечната маса на гоеник околу 100кг жива мера. Подовите се потполно рамни, изведени од набиен бетон, со завршна обработка со дебелина од 3цм., и со одреден пад према каналите за изѓубрување од 3%.

Каналите за изѓубрување се покриени со бетонски решетки, и обично се поставени во зоната на дефекацијата на свињите, на својот крај имаат соодветна преграда, која се отвара кога каналот ќе се наполни, а празнењето на каналот се врши со помош на притисокот што го создава течната маса и преку посебен систем се носи во лагуни.

Течното ѓубриво од каналите за изѓубрување се одведува во собирната јама за отпадни води, преку систем на подземна канализациона мрежа

Вентилацијата или проветрувањето во објектите се врши со помош на вентилатори, кои го исфрлаат воздухот од просторот.

Заради обезбедување на дневна светлина, како и за дополнително проветрување, во целата должина на објектите, изведени се доволен број прозори со можност за делумно отварање на прозорите.

На определено растојание, во долниот дел на страничните сидови, изведени се отвори, со метални капаци, наменети исто така за природно проветрување во објектите, посебно во летниот период.

Во објектите е изведена соодветна електрична и водоводна инсталација.

Хранењето на свињите е автоматизирано, со помош на транспортни системи, а дотурот на храна се врши од силосите поставени од секоја страна на објектите, на главната сообраќајница во кругот на фармата.

Напојувањето на свињите е исто така автоматизирано, а се врши со помош на автоматски поилки (цуцли), инсталирани на конструкцијата на боксовите.

- Назимарник

Назимарникот е приземен објект од цврста градба наменет за одгледување назимки за замена на маторици (ремонт). Подовите во објектите се потполно рамни, изведени од набиен бетон со завршна обработка со дебелина од 3цм. и со одреден пад према каналите за изѓубрување од 3%.

Течното ѓубриво од каналите за изѓубрување се одведува во собирната јама за отпадни води, преку систем на подземна канализациона мрежа

Вентилацијата или проветрувањето во објектите се врши со помош на вентилатори, кои го исфрлаат воздухот од просторот.

Заради обезбедување на дневна светлина, како и за дополнително проветрување, во целата должина на објектите, изведени се доволен број на дрвени прозори, а заради одржување на потребната микро клима, постои можност за делумно отварање на прозорите. На определено растојание, во долниот дел на страничните сидови, изведени се отвори, наменети исто така за природно проветрување во објектот, посебно во летниот период.

Во објектот е изведена соодветна електрична и водоводна инсталација.

Во целата должина на објектот, од надворешна страна, изградени се бетонски платоа (испусти), заградени со метална ограда, како групни боксови, во кои назимките можат да излегуваат од објектот и слободно да се движат, бидејќи се директно поврзани со внатрешните групни боксови.

Хранењето на свињите е автоматско, а дотурот на храна во објектот се врши со помош на автоматски систем, кои се полнат со храна од силосот за добиточна храна.

Напојувањето на свињите е автоматизирано, а се врши со помош на автоматски поилки (цуцли), инсталирани на конструкцијата на боксовите.

- Припустилиште

Припустилиштето е приземен објект од цврста градба, наменето за сместување на излачените маторици.

Во еден дел од објектот се наоѓа простор за спроведување на постапката за вештачко осеменување (ВО) на маториците, опремена со потребната опрема.

Подовите во објектите се потполно рамни, изведени од набиен бетон со завршна обработка со дебелина од 3цм. и пад према каналите за изѓубрување од 3%.

Течното ѓубриво од каналите за изѓубрување се одведува во собирната јама за отпадни води, преку систем на подземна канализациона мрежа

Вентилацијата или проветрувањето во објектите се врши со помош на вентилатори, кои го исфрлаат воздухот од просторот.

Заради обезбедување на дневна светлина, како и за дополнително проветрување, во целата должина на објектот, изведени се доволен број на прозори, со делумно отварање.

Во објектот е изведена соодветна електрична и водоводна инсталација.

Објектот е поделен на 2 дела по широчина едниот дел е поделен на 2 сегменти по должина, со индивидуални боксови.

Другиот дел е поделен на половина, едната половина има сегменти по должина со групни боксови за маторици и индивидуални боксови за нерези.

Течното ѓубриво се одведува во собирната јама за отпадни води, преку систем на подземна канализациона мрежа.

Хранењето на свињите се врши автоматизирано и рачно, а дотурот на храна во објектот се врши со помош на транспортни системи, директно од силосите за добиточна храна, односно со помош на колички.

Напојувањето на свињите е автоматизирано, а се врши со помош на автоматски поилки (цуцли), инсталирани на конструкцијата на боксовите.

- Чекалиште

Чекалиштето е приземен објект од цврста градба за сместување на гравидни маторици со утврден гравидитет (спрасни маторици).

Подовите во објектите се рамни, изведени од набиен бетон дебелина од 20цм, со завршна обработка со дебелина од 3цм., и пад према каналите за изѓубрување од 3%. Течното ѓубриво од каналите за изѓубрување се одведува во собирната јама за отпадни води, преку систем на подземна канализациона мрежа

Вентилацијата или проветрувањето во објектите се врши со помош на вентилатори, кои го исфрлаат воздухот од просторот.

Заради обезбедување на дневна светлина, како и за дополнително проветрување, во целата должина на објектот, изведени се прозори, со можност за делумно отварање на прозорите. На определено растојание, во долниот дел на страничните сидови, изведени се отвори, со метални капаци, наменети исто така за природно проветрување во објектот, посебно во летниот период.

Во објектите е изведена соодветна електрична и водоводна инсталација.

Објектот е поделен на сегменти со индивидуални боксови

Хранењето на свињите е автоматизирано, со помош на транспортни системи, а дотурот на храна се врши од силосите за добиточна храна.

Напојувањето на свињите е автоматизирано, а се врши со помош на автоматски поилки (цуцли), инсталирани на конструкцијата на боксовите.

- Прасилиште

Прасилиштата, се приземни објекти од тврда градба, наменети за прасење на маториците.

Подовите во објектите се рамни, изведени од набиен бетон и со завршна обработка од 3цм. и пад према каналите за изѓубрување од 3%.

Вентилацијата или проветрувањето во објектите врши со помош на вентилатори кои го исфрлаат воздухот од просторот.

На секој од објектите-прасилишта, инсталирани се и електрични калорифери за греење на објектите во зимскиот период.

Освен тоа, на секој индивидуален бокс за прасење, инсталирани се потребен број на електрични греалки, за греење на прасињата.

Заради одржување на потребната микро клима во внатрешниот простор на објектите, постои можност за делумно отварање на прозорите.

На определено растојание, во долниот дел на страничните сидови, изведени се отвори, со метални капаци, наменети исто така за природно проветрување во објектите, посебно во летниот период.

Во објектите е изведена соодветна електрична и водоводна инсталација.

Секој објект-прасилиште е поделен во сегменти, од индивидуални боксови

Екскрементите (фецес и урина), заедно со сламата за постилање, рачно се повлекува од кафезите во плиток канал за изѓубрување, а потоа со помош на скрепери, ѓубривото се исфрла надвор од објектот во посебно изграден бетонски базен на крајот на објектот.

За секој објект е изграден посебен бетонски базен за ѓубриво. Во базените се врши примарна декантација на ѓубривото, при што цврстата фракција се таложи, а течната фракција се одведува во системот на канализација за одведување на отпадните води. Притоа тие се

- под секој објект има по една лагуна со по 40 m3 (за двата објекти) и една со капацитет од 20 m3

- една надворешна во кругот на Инсталацијата со 120 m3 како собирна јама

Најнапред, течниот дел од базенот на објектот прасилиште се одведува во базенот на објектот прасилиште а од овој, преку систем на канализација, течниот дел се пушта во каналите за изѓубрување во објектот-одгледувалиште на прасиња, од каде заедно со отпадните води од овој објект, се одведува во централната собирна јама за отпадни води, преку системот на подземна канализациона мрежа.

Базените, на 3 до 4 месеци или по потреба, се празнат со помош на механизација, а цврстиот дел од ѓубривото се одлага и депонира на определена локација, надвор од кругот на фармата н земјоделски површини како дополнување на програмата за ѓубрење

Хранењето на свињите е рачно, при што храната се става во хранилките, инсталирани на металните боксови, со помош на лопатка, од транспортна количка за храна. Храната, во транспортните колички се дозира преку системот за празнење, инсталиран на долната страна на силосите за добиточна храна поставени од бочната страна на објектот-прасилиште, и кај влезната врата на објектот-прасилиште,

За напојување на свињите, на конструкцијата на боксовите се инсталирани соодветен број на автоматски поилки (цуцли).

- Одгледувалиште "Б" фаза

Одгледувалиштата се приземни објекти од тврда градба, наменети за одгледување на прасињата во "Б" фаза.

Подовите во објектите се потполно равни, изведени од набиен бетон со завршна обработка од 3цм. и пад према каналите за изѓубрување од 3%.

Вентилацијата или проветрувањето во објектите се врши со помош на вентилатори, кои го исфрлаат воздухот од просторот.

За греење на објектите во зимскиот период, на секој сегмент инсталирани се електрични калорифери.

Заради обезбедување на дневна светлина, како и за дополнително проветрување, во целата должина на објектите, изведени се прозори со можност за делумно отварање.

На определено растојание, во долниот дел на страничните сидови, изведени се отвори, со метални капаци, наменети исто така за природно проветрување во објектите, посебно во летниот период.

Во објектите е изведена соодветна електрична и водоводна инсталација.

Секој објект-одгледувалиште во "Б" фаза е поделен во сегменти по широчина, а во секој сегмент се наоѓаат едноспратни кафези.

Каналите за изѓубрување се наоѓаат под кафезите, со соодветна ширина и длабочина, која овозможува непречено собирање на екскрементите и слободно празнење на ѓубривото.

Хранењето на прасињата е рачно и автоматско, при што храната се става во хранилките, инсталирани на кафезите, со помош на лопатка, од транспортна количка за храна или преку систем на хранење.

Храната, во транспортните колички се дозира преку системот за празнење, инсталиран на долната страна на силосите за добиточна храна поставени од кај влезната врата на објектите.

За напојување на прасињата, на конструкцијата на кафезите се инсталирани соодветен број на автоматски поилки (цуцли).

- Земјана јама за умрени животни

Умрените (угинати) животни, секојдневно се отстрануваат со закопување во земјана јама, во која труповите најпред се третираат со вар, а потоа се прекриваат со слој на земја. Оваа постапка се повторува се до исполнувањето на јамата (ред трупови, ред вар, ред земја), а потоа се копа нова јама.

Јамата се копа во форма на буквата "П", со димензии од околу 5м во широчина и околу 2м во длабочина или 50 м3 капацитет, а во должина се копа по потреба, односно според можностите што ги дава локацијата за одлагање на умрените животни.

Просторот треба да е целосно ограден со жичана ограда во висина од околу 2,5м.

- Собирна јама за отпадни води

Собирната јама е изградена во кругот на Инсталацијата со волумен од 120 м3, со намена собирање и хомогенизација на отпадните води од Инсталацијата, и тоа:

- Течно свинско ѓубриво (суспензија во вода од екскременти и механички остатоци), од спроведувањето на тн. течно изѓубрување на објектите за одгледување на свињи,

- Отпадна вода од миење и чистење на објектите

Отпадните води, се одведуваат од објектите преку затворен систем на подземна канализација во собирната јама за отпадни води, лоцирана во ограденият простор на свињарската фарма.

Во собирната јама се инсталирани две пумпи, една за мешање и разбивање на милта, поставена на долниот дел на јамата, а една, поставена во горниот дел на јамата, за исфрлање на отпадната вода (суспензија) и нејзин транспорт до земјаните базени (лагуни), кои служат за одлагање и понатамошен третман на отпадните води.

- Земјани базени (лагуни) за депонирање на отпадната вода

Во непосредна близина на фармата се наоѓаат земјани базени наменети за прифаќање на отпадните води од Инсталацијата, кои се создаваат, во најголем дел со вршење на течното изѓубрување на објектите за одгледување на свињи, како и при нивното миење и чистење, по завршување на некоја од технолошките фази на одгледувањето на свињи и нивното иселување од објектите

Во земјаните лагуни се одведува и дел од атмосферската вода, која се собира и одведува преку системот на канализација.

Земјаните базени (лагуни) се поставени каскадно, во должината на јужната ограда на фармата.

- под секој објект има по една лагуна со по 40 m3 (за двата објекти) и една со капацитет од 20 m3

Во земјаните базени (лагуни) се одвива процес на декантација, те. издвојување на цврстата од течната фракција, при што се одвиваат и биодеградациски процеси на содржаните органски материи, по природен пат.

Отпадната вода, од собирната јама со пумпа се транспортира преку подземен цевковод во една од последните три највисоко позиционирани земјани лагуни, наречени лагуни за цврста фракција, сé до нејзино исполнување. Нивото на полнење е утврдено со поставени нивелирани преливи.

Една лагуна од тн. лагуни за цврста фракција, обично се полни за околу 20 дена, а потоа отпадните води од собирната јама се префрлаат (насочуваат) во следната земјана лагуна.

По првичното исталожување, течната фракција се префрла во една од следните слободни лагуни на продолжено декантирање, а во испразнетата лагуна се транспортира нова количина отпадна вода од собирната јама.

Оваа постапка на декантација со наизменично празнење на течната фракција и полнење на нова количина отпадна вода од собирната јама, се одвива се до исполнувањето (заситување со цврста фракција) на лагуната со исталожена цврста фракција (мил).

Оваа лагуна се става во мирување, при што се врши сушење на исталожената цврста фракција, кое трае околу 6 месеци.

Потоа, исталожениот мил од лагуната се црпи со помош на градежна механизација (утоварувач) и се транспортира со тракторска приколка до определена локација, надвор од кругот на фармата, во границите на Инсталацијата, каде губривото привремено се одлага, до негова конечна дистрибуција

По нејзиното целосно празнење, лагуната е повторно спремна за прифаќање на нови количини отпадна вода.

Цврстиот отпад (мил), Операторот го одлага на земјиштА во приватна сопственост, за што е склучен и Договор.

Течната фракција, по завршеното исполнување на лагуната (до граничното ниво), се префрла (или прелива) во следна лагуна итн. сé додека не се добие значително избистрување, како и намалување на првобитната количина.

Наиме, во овој процес на движење на течната фаза (префрлање од една лагуна во друга), еден дел од водата се впива во земјата, а еден дел испарува во воздухот.

- Снабдување со вода

Снабдувањето со вода за пиење и водење на технолошкиот процес на фармата се врши од бунар, кои се наоѓаат во непосредна близина на Инсталацијата

Бунарот е во сопственост на Операторот и е во непосредна близина на фармата за свињи. Бунарот е заштитени од секакви надворешни (површински) загадувања.

Водата се црпи со помош на потопни пумпи, и се транспортира до Инсталацијата од каде се врши понатамошна дистрибуција на водата, во зависност од намената.

Водата редовно се хлорира со помош на хлоринатори автоматски, со што се избегнати секакви несакани небрежности предизвикани од човечки фактор.

Водата редовно се контролира (секој вторник) од страна на Заводот за здравствена заштита, а резултатите од анализите покажуваат дека водта е исправна за пиење и за користење во процесот.

- Технологија, постапки, опрема

1.Општи информации

Технологијата на одгледување на свињи во свињарската фарма е така концептирана што претставува заокружена производна целина за производство на гоеници (свињи за колење).

2. Технолошка постапка

Прасињата се носат во објектите за одгледување-одгледувалишта "Б" фаза, каде се сместуваат во групни кафези. Одгледувањето во кафезите трае од 50 до 55 дена, при што прасињата постигнуваат просечна маса по прасе од 25кг, а потоа се носат во објектите за гоење-гоилишта или тов.

Во гоилиштата - товот, прасињата се гојат од 100 до 110 дена, при што постигнуваат просечна маса по гоеник од 100кг, а потоа се носат во кланица на колење.

На фармата се постигнуваат следните просечни показатели:

- Финална маса во одгледувалиште	25кг
- Финална маса во гоилиште	100кг
- Дневен прираст во одгледувалиште	370 г
- Дневен прираст во гоилиште	0,611
- Траење на одгледувањето	52 дена
- Траење на гоењето	110 дена
- Индекс на обрт на одгледувалиште	6,4 пати
- Индекс на обрт на гоилиште	2,25

3. Технолошки операции

Одгледувањето на свињи вклучува поголем број на активности меѓу кои поважни се следните:

- Припрема на објектите за одгледување,
- Обезбедување на амбиент во објектите за одгледување на свињите,
- Хранење и напојување на свињите,
- Заштита на стадото,
- Изѓубрување,
- Постапка со умрените животни,
- Постапка со гоениците

- Припрема на објектите за одгледување

Објектите, наменети за одгледување на свињите, веднаш по иселувањето на животните од нив, се припремаат за прием и престој на нова категорија на животни, заради нивна максимална заштита и остварување на бараните резултати.

Пред се, тоа се однесува на спроведување на пропишаните хигиено-санитарни мерки, и тоа:

- Механичко чистење на површините во објектите (подови, зидови) и инсталираната опрема (боксови, транспортни системи за хранење, хранилки, поилки итн.),
- Миење на површините и опремата со вода и
- ДДД заштита на објектите.

- Обезбедување на амбиент во објектите за одгледување на свињите

Објектите за сместување на свињите, треба да се обезбедат нормални услови за живот и продукција на свињите, што значи треба да се створи оптимална застапеност на микроклиматските фактори, пред се температурата и влажноста на воздухот.

- Хранење и напојување на свињите

За свињите, основна храна преставуваат концентрираните смески, посебно ако се припремени на индустриски начин. Составот на смеските е избалансиран според потребите од хранливи материи, за секоја категорија на свињи посебно.

Компанијата **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**, со концентрати се снабдува од сопствен погон за добиточна храна.

Во однос на начинот на исхрана, на фармата се применува автоматско хранење и рачно хранење, што зависи од категоријата на свињи, односно фазата на одгледување

- Заштита на стадото

Во фармата се спроведуваат соодветни постапки за заштита на стадото.

Сите активности поврзани со заштитата на стадото се вршат од страна на стручно лице, доктор по ветеринарна медицина, со положен државен испит или од страна на овластена компанија со која има склучено Договор за соработка

- Изѓубрување

За исфрлање (евакуација) на ѓубривото од објектите се применува системот на тн. течно изѓубрување со дисконтинуирано истекување на ѓубривото, што подразбира собирање на ѓубривото во каналите во текот на повеќе денови и негово повремено празнење преку преграда (клапна-засун), поставена на крајот од каналот.

Отпадните води од објектите во кои се спроведува течно изѓубрување, се одведуваат во собирната јама за отпадни води, преку подземен канализационен систем, а понатака отпадните води се транспортираат и одлагаат во земјани лагуни каде се врши декантација (одвојување на цврстата од течната фракција) и биодеградација на органските материи по природен пат.

ѓубривото од објектите-прасилишта најнапред се собира во посебни бетонски базени, кои се лоцирани во продолжение на објектите, при што се врши декантација на ѓубривото (одвојување на цврстата од течната фракција), а потоа течната фракција се одведува преку постојниот подземен канализационен систем, а заостанатата цврста фракција, (цврсто ѓубриво), повремено се црпи од базените и се одлага на локација, определена за таа намена.

- Постапка со умрените животни

Во процесот на одгледување се јавува одреден процент на умрени животни, воглавно поради технолошка смртност, кој е различен во поединечните фази на одгледување. Во објектите секојдневно се врши контрола на умрени животни, а умрените животни се изнесуваат надвор од објектот, од страна на вработените на фармата.

Труповите се закопуваат во земјана јама, која е лоцирана надвор од кругот на фармата, на оддалеченост од околу 150м, во која труповите се третираат со вар, а потоа се затрупуваат со слој на земја. Оваа постапка е во согласност со Законот за нус производи од животни, доколку на фармата се спроведуваат начелата на Добра Фармерска и Добра Хигиенска практика.

- Постапка со гоениците

По завршениот процес на гоење, при што свињите достигнуваат маса од околу 100кг жива мера, животните се изнесуваат од гоилиштата и се тераат до утоварната рампа, преку која се товараат во возила, се мерат на колската вага и се транспортираат до определените кланици, за нивно колење. Со оваа фаза се заокружува технолошката постапка на фармата за одгледување на свињи.

4.Опрема

Во објектите на свињарската фарма е инсталирана опрема за одгледување на свињи во согласност со добрата производна пракса, а фармата располага и со друга опрема во функција на остварување на нејзините активности.

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Управител

_____

ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ФАРМА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СВИЊИ СО МЛИН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОЧНА ХРАНА

ЗА

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на правното лице или физичкото лице кое ќе врши дејност или активност	Друштво за производство, трговија и услуги ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА
Правен статус	ДОО
Сопственост на компанијата	Приватна (100%)
Деловно седиште на правниот субјект (заведена во Централен регистар)	Индустриска бр.40 Мрзенци, Гевгелија
Адреса каде (ќе) се одвива дејноста/активноста	Индустриска зона бр.40 Мрзенци, Гевгелија
Единствен број на правното лице	7207417
Шифра на основна дејност според НКД	01.50 Мешовито фармерство
Број на вработени во објектот каде ќе се врши дејноста или активноста за кој се поднесува барањето	4
Вкупен број на вработени во правното или физичкото лице кое врши дејност или активност	4
Проектиран капацитет	Околу 1700 товеници, 2500 прасиња и 250 маторици годишно и 1 тон на час произведено добиточна храна
Име и презиме на лицето надлежно за контакт во врска со одобрување на елаборатот и неговата функција	Томе Илков
Телефонски број за контакт	+389 (78) 228441

2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ ВО КОЈ СЕ ВРШИ ДЕЈНОСТА ИЛИ ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

2.1. Кратко нетехничко резиме на дејноста или активноста

Инсталацијата преставува фарма за одгледување на свињи со сите пропратни објекти и млин за производство на сточна храна и сите заедно образуваат стопански комплекс.

Инсталацијата, локацијата, објектите и опремата кои се во моментот на изготвување на документацијата се од редот на опреми за свињарство

Избраното технолошко решение кое е применето во Инсталацијата е т.н. ***Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна***.

Инсталираната опрема која се користи за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна се користи по потреба и е во редот на едноставни но софистицирани опреми. Опремата е приспособена согласно законската регулатива за благосостојба на животните

Евентуалниот отпад од одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна го изнесуваат одговорните лица во компанијата на претходно определено место за таа намена и го користат повторно во процесот како рециклиран отпад, комуналниот отпад се предава на овластени компании, отпадот – изметот од свињите се носи по „зреењето„ на обработливи земјоделски површини како дополнување на програмата за ѓубрење на површините на компанијата или се предава на околните земјоделски фармери со претходно склучен Договор за соработка.

Согласно Правилникот за начинот и постапката за спроведување на исклучоците во однос на остранување на нус производите од животинско потекло угинатите животни се закопуваат на претходно определено место од страна на Ветеринарните институции а со што не се врши никакво влијание на загрозеност на животна средина

Манипулацијата со ситниот алат и прибор во објектот се врши рачно.

Во Програмата за мерки за подобрување на животната средина се предвидува да се организира специјално место за таа намена без атмосферски штетни влијанија

Отпадот од водата за миење на вработените и тоалетните простори се испушта како отпадна вода во специјални одводни канали во систем на лагуни и септичка јама која заради малото количество нема битно влијание на околината.

На ваков начин компанијата ги има имплементирано сите достапни техники за решавање на секаков вид на отпад кој се јавува на Инсталацијата.

Заложба на менаџментот на Друштвото е да воспостави систем за добро менаџирање со отпадот, односно да спроведе одредени активности за намалување на различните видови на емисии, како и да воведе соодветни технолошки иновации за заштита на почвата чие загадување не е во големи размери и е минимално.

2.1.1.Опис на дејноста

Инсталацијата преставува место каде се врши одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна во близина на Гевгелија

Избраното технолошко решение кое е применето во Инсталацијата е т.н. **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** како дел од деловен простор - сопственост на компанијата ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Процесот на одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна е со едноставен алгоритам и се изведува во следните фази:

- Прием на суровини во магацин
- Регистрирање во деловни книги
- Прием на храна во силос за сместување на сточна храна
- Процесирање во објект – хранење, поење, оплодување, прасење
- Испорака до деловна единица за трговија

- **Опис на суровини и помошни материјали / готови производи**

Основните суровини, кои се користат за извршување на планираните активности на Инсталацијата и нејзините делови, воглавно претставуваат материјали кои не содржат опасни супстанции и кои се специјални за ваков вид на Инсталација.

Поголем дел од суровините претставуваат состојки кои се користат во целост, без остатоци, поради што не постои штетно влијание на околината или со остатоци кои не се штетни за природата

Материјал (супстанција)	Количина (дневно)	Годишна употреба	Природа на употребата
Сточна храна	2500 кг	1000 т	За одгледување на свињи
Вода	6000 л	2200 т	За одгледување на свињи

- **Извори на емисии од инсталацијата**

Природата на дејноста која се врши во ***Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна*** во близина на Гевгелија, укажува на ненасочената емисија на компоненти во воздухот но нема таква концентрација на штетни материи кои би ја надминале максимално дозволената концентрација и штетно би влијале врз животната средина и природата.

Нивото на бучавата е во границите на максимално дозволеното ниво.

Според природата на дејноста, активностите во Инсталацијата не создаваат штетни вибрации.

Во околината на Инсталацијата и нејзините делови како и на нивната локација нема извори на нејонизирачко зрачење.

- **Историско загадување**

Не се утврдени било какви загадувања во минатото, кои би имале некое значајно влијание на животната средина

- **Понатамошни планирани мерки**

Инвеститорот има изготвено конкретна Програма за мерки за подобрување на животната средина со предвидени активности во правец на спречување, односно намалување на можноста од штетно влијание во отстранувањето и депонирањето на отпадниот материјал кој се создава во текот на извршување на секојдневните активности на Инсталацијата.

Инвеститорот има припремено План за спречување хаварии и реагирање во итни случаеви

Изработено е Упатство за подготвеност при вонредни состојби, список на потенцијални инцидентни и вонредни состојби како и план за реагирање при инцидентните ситуации.

Изработени се проекти и упатства во кои се опфатени сите чинители кои влијаат на животната средина и работната средина, а кои ќе се јавуваат како последица од

активностите во ***Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна***, како и анализа на опасностите и конкретните мерки и средства кои се предвидени за целосно извршување на заштита на вработените и заштита на животната средина.

Корисниците се запознати со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и со планот за реагирање при инцидентните ситуации.

Како превентивна мерка е опфатено организирање на местото каде ќе се постават контејнери за собирање на отпад, лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои ќе информираат за опасностите и забранетите постапки.

Исто така, Операторот има припремено План за ремедијација, престанок со работа, како и повторно започнување со работа на Инсталацијата

Со предвидените мерки за делумен престанок со работа, се земаат во предвид деталите за организацијата како што се количина на суровини, помошни материјали, производи, со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзин престанок.

Успешно дислоцирање и со минимизирање на влијанијата врз животната средина би се одвивале во следните фази:

- Дислокација на суровините и крајните производи
- Повторно доведување на локацијата до состојба погодна за друга дејност

Планот ќе се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадување, како и истражувања за ризиците кои произлегуваат од активноста од работниот век на инсталацијата.

2.2 Опис на инсталацијата

Инсталацијата е комплекс од ***Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна*** **во близина на Гевгелија** на барателот ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА . Во продолжение е даден детален опис на инсталацијата

Во рамките на Комерцијално – деловниот комплекс со **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , покрај објектот се наоѓа и


- Административен простор

- Тоалети
- Паркинг простор


Во продолжение на излагањето ќе се даде детален опис на градежните објекти и економските единици кои се лоцирани на инсталацијата

- **Извод од просторниот план**

Со просторниот план УП за близина на Гевгелија се утврдува дека **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** како дел од постоечки комплекс со сиот свој расположив имот се задржува во опфатот на своите граници



Сл.1 Локација на Објектот за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА





Сл.2 Дел од Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна

Зоната на и околу Инсталацијата е во границите на урбанистичкиот зафат и се разработени со детални урбанистички планови.

При имплементирање на Инсталацијата во индустриски комплекс е водено сметка истата да биде урбанистички вклопена во непосредната околина и постојните објекти земајќи ја во предвид и конфигурацијата на теренот.

Парцелата се наоѓа надвор од населено место од левата страна на рамен терен на

Имотен лист:

- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Б 1-17 со површина од 355м^2,
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 212м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 184м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4616, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 27м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4618/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 162м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4619/3, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 29м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 303м^2
- бр.1539, КО Негорци, КП 4620/2, кат ПР, со категорија на градба Г 2-6 со површина од 7м^2

Комерцијално деловниот комплекс – **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна** е со висина од приземје и претставува независна целина со посебен влез, наменет за задоволување на потребите на инвеститорот.

Димензионирањето и начинот на поделба на објектот, како и функционалната поделеност на истиот е во рамките на програмските барања на инвеститорот.

Катноста на објектот е дефинирана како приземје со пристапна рампа.

Проектираниот габарит е во рамките на утврдената површина за градење.

Поставеноста на објектот овозможува пристап на возила од парцелата од земјоделскиот пат.

Паркирањето на моторните возила е решено во рамките на градежната парцела односно на паркинг

- **Микролокација на просторот каде се вршат одредени дејности или активности**

Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА како Инсталација е поставен во рамките на предвидената површина за ваков вид на Инсталација а во

согласност со констатираните потреби на Инвеститорот за посочената активност. Објектот е изграден во согласност со:

- „Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот„ (Сл.весник на РМ бр.2/2002)
- „Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот„ (Сл.весник на РМ бр. 50/2003)
- Според планската документација на Општина Гевгелија
- Според Урбанистичкиот план на Општина Гевгелија

Предметната локација се наоѓа во близина на с.Мрзенци, Општина Гевгелија на рамен терен во близина на населено место на далечина од 1,5 км.

Градежната парцела од сите страни е ограничена со земјоделски површини

Се работи за зона, без поголема изложеност на бучава од активностите на Инсталацијата, локацијата е добро осветлена и овозможено е непречено струење на воздухот.

Во моментот локацијата претставува изградено градежно земјиште со урбанистичко уреден простор.

Урбанистичката парцела има можност за лесно приклучување на постоечката инфраструктура.

Самата локација на Инсталацијата поради лоцираноста во близина на населено место сепак не претставува никаква опасност, ниту пак нејзината функција е од загадувачки карактер.

Целокупната парцела на која функционира комплексот на **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** во моментот на изготвување е заграден а и оддалеченоста од патот како и производството кое се изведува во објектот не наведуваат на фактот дека нема да има никакво влијание од надворешната средина.

- **Сообраќајно решение**

Пристапот до парцелата е биде преку постоечки пат и е изведено паралелно реализирање на комплетна инфраструктура (водовод, канализација и електроинсталација) во објектот заради негово несметано приклучување кон постојната инфраструктура

Обезбеден е пристап на моторни возила а со тоа и нормално функционирање и одржување на Инсталацијата. Пристапниот пат е со широчина од 4 м, а на локацијата има и одредени проширувања кои служат за свртување на возилата. Ширината и позицијата на сообраќајниците ***овозможува*** брз и несметан пристап на возилата за техничка помош до сите објекти кои гравитираат на Инсталацијата, и тоа најмалку од две страни на објектите.

Сообраќајниците и пристапните патишта до Инсталацијата ги исполнуваат следните услови:

- Да издржат оптеретување на современите противпожарни возила (најмал оскин притисок од 8 тони);
- Ширината на двонасочните сообраќајници да биде најмалку 4 м;
- Радиусот на кривините да не биде помал од 6 м;
- Висината на рабните камења да не биде поголема од 12 цм.

Пристапниот пат потребно е да биде адекватен за ПП возилата.

- **Инфраструктура**

Сите инфраструктурни инсталации се изведени врз база на претходно поставени и ново изведени доводи и приклучоци.

- **Партерно уредување**

Партерното уредување е усогласено со условите на теренот, поставеноста на градбите како и условите за обезбедување маневрирање на товарни возила и неопходен број на паркинг места.

- **Организација на просторот**

Инсталацијата ја завзема северната позиција на територијата на Гевгелија опколена со земјоделски простори и површини. Целокупната парцела на која функционираат **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** во моментот на изготвување е опколен со земјоделски простори а активностите кои се изведуваат во објектот не наведуваат на фактот дека нема да има некакво значително влијание од надворешната средина.

- **Хортикултура**

Останатиот простор на инсталацијата во целост е уреден хортикултурно и во својата содржина има застапено зелени површини и сл.

Евентуалните други објекти кои би се градиле во непосредна близина на објектот ќе спаѓаат во групата на објекти наменети за деловна намена така да не би се нарушил мирот во неговите активности.

Целокупниот објект е во согласност со Законските нормативи за овој вид на дејност.

- **Внатрешни сообраќајници и платоа**

Во кругот на Комерцијално – деловниот комплекс на **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** се изградени наоколу сообраќајници и платоа (тампонирани), што овозможува нормално одвивање на планираните активности, односно добра комуникација во комплексот.

Внатрешната комуникација е изведена со различни комуникативни простори кои се тампонирани на одредени места.

3.0. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ ОПИС НА ДЕЈНОСТА ИЛИ АКТИВНОСТА

3.1. Опис на Инсталацијата

- Концепција

Комплексот од Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна е адаптиран во деловен постор изграден на постоечка урбана површина во атарот на с.Мрзенци Гевгелија и е со капацитет од 1700 број на товеници, 2500 прасиња и 250 маторици годишно и 1 тон на сточна храна на час кое се произведува по потреба.

Земјиштето на комплексот се диференцира на:

1.отворен дел составен од:

- урбани површини
- пристап, паркинг и економски влез

2.изграден дел

-површина под објекти

а.ОТВОРЕН ДЕЛ

Локацијата е урбанистичка парцела која го обезбедува изградениот и слободниот простор на земјиштето. Локацијата ги обезбедува следните услови:

- во непосредна близина на комплексот има развиена зелена површина која се користи за примена на хортикултурни решенија;

- локацијата е приклучена на постоечката инфраструктура;

- на локацијата од страна на инвеститорот е обезбедена сигурност на објектот вклучувајќи го и целото земјиште на објектот;

- локацијата на Објектот за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА е заштитена од бучава и концентрација на штетни материи во воздухот, кои не ги надминуваат дозволените рамки пропишани за станбени населби.

Неизградениот дел е составен од површини за пристап, паркинг и економски влез.

Затворениот простор е организиран за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна каде е сместена и опремата за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна

Обработката на површините е од материјали што не се лизгаат (бетони др.)

Инсталацијата има благо сончева положба, од југо - исток до исток, заштитено од ветер и поседува природни и вештачки сенки. Зелените површини се интегративен дел на Инсталацијата.

Пристап претставува приод или влез со пешачки патеки, паркинг простор и економски влез и се однесува на:

- пешачки патеки кои служат за совладување на растојанието помеѓу патот и влезот на објектот и истите треба да се безбедни и заштитени, тампонирани, но да се избегне лизгавоста и хортикултурно да се обликуваат;

- паркинг простор кој служи за пристап на возила и не треба да ја попречува редовната активност на објектот

Согласно законската регулатива кои се однесуваат на ветеринарните барања предвидено и дезобариера на влезот во комплексот како за возилата така и за луѓето кои влегуваат во комплексот.

Согласно прописите за противпожарна заштита (ППЗ) потребно е просторот за противпожарно возило (ПП возило) како и за друго ургентно возило да биде со широчина од најмалку 4 м.

Економскиот влез треба да овозможи директна врска со комплексот и истиот треба да има добри врски со сообраќајницата. Големината на економскиот влез треба да има добри врски со сообраќајницата и да одговара така да е можно пристап и вртење на лесни транспортни возила, паркирање, третман на отпад и доставување на суровини.

б. ОБЈЕКТ – ИЗГРАДЕН ДЕЛ

Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА со капацитет од 150 маторици, 450 броја прасиња и 450 товеници се објекти сопственост на компанијата кои се изградени согласно техничките прописи и стандарди за градба на објекти а кои се однесуваат на овој вид на производни услуги

Сите три објекти се на приземје, димензионирани и обликувани функционално и естетски, во согласност со потребите и активностите на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА . Организацијата на просторот овозможува разновидни активности како и оптимална поврзаност и прегледност.

Објектот ги содржи следните просторни групи:

- простори за одгледување на свињи со севкупната опрема која е предвидена за ваков вид на производство;
- простор за производство на сточна храна
- простори за миење;
- простори за сместување на амбалажа
- простори за разни видови на отпад
- тоалетни простори
- простори за комуникација;
- административен простор

Внатрешната површина ја вклучува целата слободна површина наменета за различни активности на **Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

3.2. Опис на услугите, методите и помошните процеси кои се користат на инсталацијата

Според основната дејност на Инсталацијата, може да се диференцира еден основен процес, и тоа:

– **Одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна**

Севкупниот „потенцијал„ на Инсталацијата се изведува преку следните модули – простори и простории на Инсталацијата:

А. Одгледување на свињи

Севкупниот „потенцијал„ на Инсталацијата се изведува преку следните модули – простори и простории на Инсталацијата:

А.1. **Простор за прием на суровини во магацин** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство.

А.2. **Простор за прием на сточна храна** – низ посебен систем за дотур на сточна храна кој се простира од погонот а производство на сточна храна па до секој од објектите се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носи храната до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот. Силосите редовно се чистат и дезинфицираат пред секоја употреба. Од силосите храната се дистрибуира до секоја хранилка на кафезите со транспортна опрема. Тие се со следниот капацитет

- Во халата за товеници 2 силоси од по 5 тона
- Во прасилиште 1 силос од 2.5тона
- Во чекалиште 1 силос од 2.5 тона.
- Во Б фаза 2 силоси по 2.5 тона

А.3. **Процесирање во објектите за одгледување на свињи** – Објектите за одгледување на свињи се опремени со специјализирана опрема која се состои од:

- кафези - капацитет – маторици 150, прасиња 450 и товеници 450 броја;
- систем за одведување на измет;
- поилки;
- хранилки со автоматски систем на храна;
- систем за ладење и климатизација

Кафезните батерии се приземни а на нив се инсталирани линии за хранење, напојување со вода, изѓубрување.

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот и температурата на објектите. Притоа тие се поставени како системи со јачина од 400 W и тоа

- Во халата за товеници поставени 2 системи на вентилатори
- Во прасилиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во чекалиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во Б фаза поставени 3 системи на вентилатори

Климатизацијата е опремена и со систем за ладење со т.н. водени завеси кои се состојат од систем на кров од цеви со вода и притоа со вода која ќе се слива се прави водна завеса.

Воздухот поминувајќи низ таа завеса се лади, прочистува и влажен така да во објектот се стварааат строго контролирани климатски услови неопходни за одгледување на свињите.

Исто така се контролираат притоа и концентрациите на амонијак и јаглероден диоксид кои се многу токсични во поголеми концентрации.

Храната се дотура од силосите автоматски со бункери, како што е и системот на вода преку автоматски систем на цевки. Системот за хранење е составен од силоси ланчест транспортер и хранилки за секој од трите објекти посебно

За свињите во сите фази најголемо значење има хранителната вредност на смесата за исхрана. Таа мора да оди согласно фазата на производство и типот на свињата. Највисока хранителна вредност на смесата треба да биде во прва фаза на тов, бидејќи во тој период свињата треба најмногу да расте. Доколку храната не ги задоволува потребите од хранивите материи за својата намена тогаш:

- свињата губи од својата тежина, наместо да расте,
- станува кахектична и поради тоа морталитетот се зголемува,
- производствениот модул опаѓа а големината заостанува.

Потребно е да се напомене дека штотуку вселените прасиња за тов во објектите кои се од сопствено производство се хранат со преодни типови на храна

Смеските за свињи низ различните фази на тов треба да имаат одредена ориентациона хранителна вредност

Системот за напојување е со филтри, нумерач на проток, регулатор на притисок, разводни цевки и нипли.

Изѓубрувањето се врши преку соодветна опрема и е поставена на секоја канална единица. Ѓубрето се изнесува преку соодветен систем до лагуна каде се таложи а потоа се товари во специјален камион - кипер. Понатаму камионот ѓубрето го транспортира до земјоделски површини каде се користи за ѓубрење на истите. На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина. Раководниот тим на компанијата има капацитет да ги исполни целите на овој проект:

- Решавање на проблемите со ѓубрето со негова редукција и елиминирање
- Решавање на проблемите со депонирање на мртвите свињи што значи и исполнување на процедурите на ISO 14001:2000
- Намалување на трошоците кои се прават во однос на депонирањето на ѓубрето и лешевите: транспрот, дезинфекција на возила, амортизација на возилата, работната сила и сл.
- Решавање на проблематиката со микробиолошка контаминација на отпадните води
- Добивање на производи со високи нутриционистички вредности
- Добивање на производ што може да се користи за сите земјоделски култури а со тоа да се добијат еколошки производи со што земјоделците би ги исполниле критериумите на EUREPGAP - системот за органско производство;
- Добивање на производство без придружба на патогени микроорганизми

- Добивање на производство кај кој се елиминирани сите животни биопродукти

Осветлување на објектот е вештачко и контролирано со регулатор на светлина, тајмер и флуоросцентно оранж светилки на местата на прасилиште. Светлосниот интензитет треба да има изведена во сите делови на објекти и треба да изнесува во согласност со барањата на категоријата ан свињата. Исто така интензитот е изведен и по висина.

А.4. **Испорака** – По завршување на процесот на тов врз основа на договори за испорака на свињите се товарат со возила на договорената страна и се изнесуваат од објектот.

Б. Производство на добиточна храна

А.1. **Простор за прием на суровини во погон за производство на сточна храна** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство. Одреден дел од суровините бидејки се во вреќи се истоваруваат на палети во непосредна близина на млинот за производство.

А.2. **Простор за прием на житни култури** – низ посебен систем за дотур на житни култури кој е во погонот за производство на сточна храна се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носат до млин за мешање на храната а од тука храната со ситем на цевни транспортери се носи до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот.

Транспортното возило за пренос на сточната храна е возило кое што е затворено од сите страни што значи дека нема можност за атмосферски влијанија. Возилото е покриено со непропустлив материјал преку целата негова површина. Во било кој период нема никаква опасност околу нарушување на безбедноста на храната.

Возилото пред секое уфрлање на суровини се дезинфицира по мерките и прописите за дезинфицирање на објекти, површини и простори. Комплетната затвореност на возилото значи дека е елиминирано секакво атмосферско влијание.

А.3. **Регистрирање во деловни книги и прием на материјалот во погон за производство** – по приемот во магацинот се заведува суровината, материјалите и сл во деловните книги со сите декларации, декларации за квалитет и сл. со што се врши и прием на материјалот спремен за производство.

А.3. **Процесирање во погонот за производство на сточна храна** – Објектот за производство на сточна храна е опремен со специјализирана опрема која се состои од:

- два силоси по 250 тони за сместување на житарици – пченка, пченица и соја
- три силоси за готова храна по 5 тона
- 4 силоси за готова храна по 2.5 тона
- систем за климатизација
- систем за автоматска припрема на добиточна храна

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот на погонот


Останатите адитиви се дотураат рачно во млинот со претходно одмерување

Отпадот кој се создава при производство на сточна храна се во голема мера натрон вреки кои се собираат се врзуваат и се носат на определено место од каде се предаваат на овластени компании за таа намена.


На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина.

Осветлување на објектот е вештачко и природно. Светлосниот интензитет е изведен во сите делови на погонот но се избегнува работа надвор од работното време.

А.4. **Испорака** – По завршување на процесот се носи храната надвор во соодветен силос и од тука се носи преку систем на цевен транспортер до местото каде за истата има потреба.



Сл.3 Објекти за одгледување на свињи




Сл.4 Објект за производство на сточна храна


- **Санитарни простории**

Санитарните простории се сместени во поодделни простори и тоа: простор за мијалници и простор со тоалет шолји.

Вратите на санитарните простории се отвораат према надвор.



Сл.5 Дел од опремата за одгледување на свињи на Инсталацијата



Сл.6 Автоматски систем за хранење од погон за производство на сточна храна до боксовите со свињи

3.3. Општи барања за инсталацијата

Основните барања и критериуми за **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** опфаќаат:

- оптимизација на просторот;

- јасно дефинирани зони на сите нивоа, групирање на функциите со цел обезбедување конзистентост и непосредност во давањето услуги;

- архитектонско обликување на објектите;

- внимателно оформување на пристапот до објектот;

- проектирање според принципите на одржливост на градбите и околината.

Со цел да се обезбеди квалитетен и функционален простор треба да се одговори на следните општи барања за:

А. Ефикасност и ефективност

- ефикасен логистички систем

- ефикасно да се искористи просторот (по можност со лоцирање на помошните содржини така да бидат заеднички/да ги делат две соседни функционални целини)

- флексибилност и можност за иден развој

- употреба на општи димензии на просториите и стандарден начин на нивна организација, наместо иновативни и единствени

- користење модуларни, лесно пристапни и променливи механички и електрични системи

Б. Пријатен амбиент

- употреба на соодветни материјали

- употреба на соодветни обработки и одбегнување на оние коишто негативно влијаат на производството или вознемирување на вработените

- користење на природно светло секаде каде што е можно, а таму каде што не е, осветлување со светилки со „дневна светлина„ во согласност со природата на производствениот процес

В.Хигиена

- лесно чистење и одржување

- примена на соодветни и трајни завршни обработки за секој функционален простор

- внимателен избор на деталите за елементи за финална обработка на просториите (довратници, лајсни - транзициони или завршни и сл. така да се избегнат жлебови или споеви, кои собираат нечистотии)

- соодветно лоцирање на просториите за чување средства за чистење

Г. Пристапност

- јасна забележаност на вратите во делот на производствените простори

Д. Обликување

- компатибилност на надворешниот изглед со околината

- зголемена употреба на природно светло, природни материјали и обработки

Ѓ. Безбедност и сигурност

- да се заштити имотот и средствата на објектот - да се заштитат сите категории на корисници на објектот

- да се обезбеди безбедна работа на персоналот

Е. Одржливост

- изборот на материјалите и инсталациите треба да обезбеди одржлив објект (дневно светло, штедење на вода и струја, нетоксични материјали и завршни обработки, лесна употреба и одржување)

Ж. Елиминирање на амбиентални предизвикувачи на стрес

- објектот да претставува средина со успокојувачки, смирувачки амбиент
- визуелна и звучна приватност

3.4. Мерки на сигурност и техничка заштита

Потребните мерки за сигурност и техничка заштита на оваа Инсталација се следните:

- да се почитуваат и применуваат сите законски одредби и прописи за безбедност и здравје при работа како и посебните упатства од работодавачот
- да се запазуваат сите потребни барања и услови кои се составен дел од **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** , во делот на стандардите, нормативите и законските одреди за изведување на ваков вид на работи
- да се води сметка и евиденција за личната заштитна опрема на вработените согласно пропишаните законски одредби и нормативи
- да се врши тековно одржување и чистење на **Објектите за одгледување на свињи со млин за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

3.4.1 План за одржување на хигиена

Хигиената на просторот и уредите се одржува со средства наменети за објектот според упатствата на производителите.

Планот за хигиена е во согласност со Прирачникот за добра хигиенска пракса и согласно Процедура за одржување на опрема

3.5 План за менаџирање со отпад

Како отпад од Инсталацијата и нејзините делови се јавува:

- Отпадна вода од перење на објектот
- отпадна вода од тоалетите
- цврст комунален отпад
- течен измет од свињи
- отпад од пакување
- цврст отпад од одгледување на свињите – измет
- отпад од изумрени свињи

а.Цврст отпад – комунален отпад и отпад од пакување –се дислоцира во контејнери на посебно за таа намена место кое ќе биде означено согласно Програмата за мерки за подобрување на животната средина и за која има склучено Договор со овластено комунално претпријатие

Број на катастарска парцела		Адреса (улица и куќен број на зградата)	Број на влез	Број на стан	Намена на зградата при изградбата на објектот од стварната состојба	Број/Број на посебен дел од зградата			Намена на посебен дел од зградата	Вкупна површина во м2	Стварен дел во м2	Волумен во м3	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право користење при конверзија на податоците од старите евиденции	Бр. на елаборат	Бр. на прил. по кој е извршено запишувањето	Датум и час на запишувањето
						Влез	Кат	Број									
основен	дел																
6102	0	НЕГОРЦИ	1		А1-1	1	ПР	1	СТ	64			СОПСТВЕНОСТ			1112-1284/2015	05.08.2015 10:15:59

Договор за одложување на арско ѓубриво на земјоделско земјиште

Склучен на ден: 01.07.2024

Помеѓу:

1. Тимагрофарм доо свињарска фарма с.мрзенци и

2. Илија Георгиев со седиште на Ул Христо Татарцев бр.99 Скопје

Страните од овој договор се договорија за одложување на арско ѓубре од фармата на Тим Агро Фарм с.Мрзенци на земјоделска површина на КП бр 4612, 4613, 4614 во КО Негоеци со вкупна површина од 1965 м2.

За арското ѓубре Тим Агро Фарм не бара надомест.

За Тим Агро Фарм

ТИМ АГРО-ФАРМ ДОО

Илија Георгиев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-8783/2025 од 17.07.2025 13:38:08

1105-8783/2025

ИМОТЕН ЛИСТ број: 2760 ПРЕПИС
Катастарска општина: НЕГОРЦИ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	ИЛИЈА ГЕОРГИЕВ	ХРИСТО ТАТАРЧЕВ 99/1/25, СКОПЈЕ-КИСЕЛА ВОДА	1/1	Солемнизација-Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ.бр.322/2023 од 05.06.2023г. на Нотар Горан Николов од Гевгелија	1112-784/2023	06.06.2023 09:04:13

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
4612		ДОЛНА РЕКА	зз	н	3	410	СОПСТВЕНОСТ			1112-784/2023	06.06.2023 09:04:13

Легенда на внесени шифри и кратенки	
Шифра	Опис
зз	Друштва земји
н	Нива
***	СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ЗЕМЈИШТАТА/ЗГРАДИТЕ ВНЕСЕНИ ВО ЕМБГ РЕГИСТЕРОТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ПОСЕДУВААТ ЕДИНСТВЕН ЕМБГ ПРИДРУЖЕН СО ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Тип	Опис
Преглед	Цела содржина од имотниот лист

НОТАР МАРИЈА АТАНАСОВА ГЕВГЕЛИЈА

Овластено лице:
Марија Атанасова
(име, презиме, потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-8783/2025 од 17.07.2025 13:38:08

1105-8783/2025

ИМОТЕН ЛИСТ број: 2760 ПРЕПИС
Катастарска општина: НЕГОРЦИ

ЛИСТ А1: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	ИЛИЈА ГЕОРГИЕВ	ХРИСТО ТАТАРЧЕВ 99/1/25, СКОПЈЕ-КИС.ВОДА	1/1	Солемнизација-Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ.бр.322/2023 од 05.06.2023г. на Нотар Горѓи Николов од Гевгелија	1112-784/2023	06.06.2023 09:04:13

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право произлезено при конверзија на податоците од старот ел.систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
			култура		класа						
основен	дел										
4612		ДОЛНА РЕКА	зз	н	3	419	СОПСТВЕНОСТ			1112-784/2023	06.06.2023 09:04:13

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
зз	Градска земјиште
н	нива
***	скриен ЕМБГ, заштитена лична податоци, ЕМБГ внесен пред 1.1.2008 година и позади тој датум не постои во евиденцијата на МВР

Тип	Опис
Преглед	Цела содржина од имотниот лист

НОТАР МАРИЈА АТАНАСОВА ГЕВГЕЛИЈА

Овластено лице:
Марија Атанасова
име и презиме, потпис

ДОГОВОР ЗА ВЕТЕРИНАРНИ УСЛУГИ

ДР ИЧКОВ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03147
15.06 2017 год.
БОГДАНЦИ

ТИМ АГРО-ФАРМ ДОО
Бр 03101
15.6 2017 год.
с.Мрзенци Гевгелија

Врз основа на член 41-а од Законот за ветеринарното здравство, се склучува

Д О Г О В О Р

На ден 15.06 2017 година помеѓу:

1. Тим Агро Фарм Доо, со адреса Индустриска 40 Мрзенци, ЕМБГ/ЕДБ 4006012913152 и РБО 250701171Р застапувана од _____ како НАРАЧАТЕЛ и

2. Ветеринарното друштво ДР ИЧКОВ ДООЕЛ застапувано од Управителот Ристо Ј. Ичков со ЕДБ 4034014501386 како ИЗВРШИТЕЛ

I. Предмет на договорот

Член 1

(1) Предмет на овој Договор е вршење на активности од јавен интерес согласно Законот за ветеринарното здравство, Законот за идентификација и регистрација на животните, Годишната наредба за здравствена заштита на животните, како и други обврски кои произлегуваат при спроведување на мерките за превенција и сузбивање на заразни болести кои ќе бидат наредени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(2) Предмет на овој договор не се ветеринарни активности кои согласно Законот за ветеринарно здравство не претставуваат активности од јавен интерес.

(3) Дел од средствата за реализација на активностите од став (1) на овој член се обезбедени од Буџетот на Република Македонија согласно Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за тековната година, додека останатите средства се на товар на Нарачателот. Висината на средствата која Извршителот ја наплаќа од Нарачателот е исклучиво во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли.

Scanned with CamScanner

II. Права и обврски на договорните страни

Член 2

Права и обврски на Извршителот

(1) Извршителот се обврзува за времетраење на овој договор да ги спроведува активностите од член 1 целосно, навремено, ефикасно, квалитетно и во согласност со пропишаните рокови согласно позитивните законски и подзаконски прописи.

(2) Извршителот не смее да одбие или непотребно да одложува извршување на активности кои се предмет на овој договор.

(3) Доколку Извршителот не е во можност континуирано и без прекин да ги извршува активностите кои се предмет на овој Договор или по негова вина Нарачателот претрпи одредени штети, Извршителот треба да ја надомести штетата за неизвршување или нецелосно извршување на договорените активности.

(4) Во случај Нарачателот да одбие или непотребно да одложува извршување на некоја активност или ненавремено да пријави промени, Извршителот го известува надлежниот официјалниот ветеринар. За настанатите штети Извршителот не сноси одговорност.

Член 3

Права и обврски на Нарачателот

(1) Нарачателот не смее да одбие или непотрѐбно да одложува извршување на активностите кои се предмет на овој договор.

(2) Нарачателот е должен навремено да го известува Извршителот за настанатите промени заради запазување на роковите за спроведување на активностите од член 1 на овој договор.

(3) За време траење на овој договор, Нарачателот е должен да овозможи непречен пристап до одгледувалиштето, животните и документацијата и да пружи потребна помош за време на спроведувањето на активностите кои се предмет на овој договор.

(4) Нарачателот е должен да ги подмири сите настанати трошоци за извршените услуги од страна на Извршителот кои произлегуваат од овој договор согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните и Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместоците за спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните и висината на надоместокот за дополнителни официјални контроли во рок од 30 дена од денот на извршувањето на активноста.

(5) Непостапувањето по ставовите (1), (2), (3) или (4) од овој член кои ќе влијаат на непреченото спроведување на активностите од член 1 на овој договор ќе се смета за попречување на навремено извршување на обврските на Извршителот од овој договор, за што истиот нема да сноси одговорност за евентуално настанатата штета.

(6) Нарачателот не може да го раскине Договорот доколку ги нема подмирено сите обврски кои произлегуваат од овој договор. По подмирувањето на обврските Извршителот на барање на Нарачателот издава потврда.

III. Завршни одредби

Член 4

(1) За работите кои што не се предвидени со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи.

(2) Раскинувањето на овој договор се врши согласно Законот за ветеринарно здравство.

Член 5

(1) Договорните страни ќе настојуваат евентуалните спорови што ќе произлезат од извршувањето на овој договор да ги решаваат спогодбено.

(2) Доколку не се постигне спогодбено решавање на евентуалните спорови, ќе решава Основниот суд Гевгелија.

Член 6

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 7

Овој договор е составен во 2 (два) еднакви примероци по еден за секоја договорна страна.

ИЗВРШИТЕЛ

ДРИЧКОВ ДООЕЛ

Управител,

Д-р Ристо Јичков

231066

НАРАЧАТЕЛ

Тим Агро Фарм

Одговорен/Управител

ТИМ АГРО-ФАРМ ДОО

ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
ДР ИЧКОВ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03/17
15.06.2017 год.
БОГДАНЦИ

Друштво за производство, трговија и услуги
ТИМ АГРО-ФАРМ ДОО
Бр. 03/02
15.6.2017 год.
с. Мрзенци Гевгелија

ДОГОВОР

за здравствена заштита на животните

Склучен на ден 15.06.2017 година во Богданци помеѓу:

Договорни страни:

1. Ветеринарно друштво ВА ДР. ИЧКОВ ДООЕЛ од Богданци со седиште на ул. Индустриска 7 и ЕДБ: 4031019450386 застапувано од Управителот Ристо Ичков (во натамошниот текст: Давател на услуга), и

2. Одгледувалиште со РБО 250701171 во сопственост на фирмата Тим Агро фарм ДОО од Мрзенци со седиште на ул. Индустриска 40 и ЕДБ: 4006012513152 застапувано од Управителот Игор Јосев (во натамошниот текст: Нарачател на услуга)

Член 1

Овој договор се склучува врз основа на член 44 став (1) од Законот за ветеринарно здравство (Сл.Весник на РМ 123/15, 154/15 и 53/16).

Член 2

Предмет на договорот

Предмет на договорот е примарна заштита на животните, која го опфаќа членот 25 од Законот за ветеринарно здравство (Сл.Весник на РМ 123/15, 154/15 и 53/16), и тоа:

- Преземање на мерки неопходни за дијагноза, лекување, превентива и искоренување на заразните болести кај животните, кои мерки не се опфатени со членовите 26 и 34 од Законот на ветеринарно здравство.
- Превенција, лекување и дијагностицирање на други болести и издавање на рецепти по барање на странките.
- Следење на здравствената состојба на животните наменети за репродукција спроведување мерки за превенција и лекување на стерилитет.
- Вештачко осеменување, царски рез, ембриотрансфер, како и други хируршки интервенции, согласно минималниот ценовник на ВКМ. Ехо преглед не е предмет на овој договор.
- Обезбедување на ветеринарни услуги и прва помош на животните во итни случаи.

Scanned with CamScanner

- Вршење дезинфекција, дехонтаминација, санитација, деодорација и ерадикација на штетниците согласно минималниот ценовник на ВКМ.

Член 3

Обврски на давателот на услугите

- Давателот на услугата се обврзува да ги извршува работите ,што се предмет на овој договор совесно, стручно и со соодветен стручен кадар по барање на нарачателот на услугата.
- Да дава совети и сугестии за потребите на нарачателот и услугите во доменот на здравствената заштита и одгледувањето на добитокот. Набавува лекови, или издава рецепти согласно потребите и утврдената здравствена состојба на животните.
- Давателот на услугата не смее да ги предаде на трето лице податоците кои му биле дадени од страна на нарачателот на услугите, а кои податоците се сметаат за деловна тајна на нарачателот на услугите.
- Давателот на услугата по завршената услуга се обврзува да достави фактура на нарачателот на услугите со цени пропишани со овој договор, како и за услугите кои не се опфатени, а се наплаќаат по минималниот ценовник на ветеринарни услуги пропишан од Ветеринарната комора на Република Северна Македонија .
- При издавање на Сертификат за здравствена состојба на животните давателот на услугите кој е концесионер во Епизоотиолошката единица е должен да ја прифати Потврдата за здравствена состојба на животното претходно издадена од друго ветеринарно друштво, кое има склучено договор со нарачателот на услугата.
- Давателот на услугата е должен да направи преглед на фармата, месечно по цените кои се калкулирани во член 5 од овој договор во работните денови, во период од 7 до 14 часот.

Член 4

Обврски на нарачателот на услугите

- Нарачателот на услугите се обрзува за навремено известување на секоја промена на здравствената состојба на животните во неговото одгледувалиште со точно давање на анамнеза и потенцирање на итноста.
- Да му обезбеди на давателот на услугата непречено извршување на работата и во случај на потреба да му стави на располагање доволен број на работници за изведување на договорените активности.
- Нарачателот на услугата се обврзува на давателот на услугата, да ја плати завршената услуга во рок од 15 дена, од денот на издавање на фактурата.
- Нарачателот на услугата со овој договор се обврзува дека нема да дозволи друг давател на услуга да ги спроведува активностите кои се наведени во член 2 од овој договор, без знаење и одобрение на давателот на услугата, во спротивно ќе сноси материјална и кривична одговорност.
- Нарачателот на услугата се обврзува дека нема самостојно да превзема било какви терапии и профилакси врз животните во одгледувалиштето, во спротивно ќе сноси материјална и кривична одговорност.

- Нарачателот на услугата за добивање на Сертификат за здравствена состојба на животните потребно е претходно да добие Потврда за здравствена состојба за животното, ако давателот на услугата не е концесионер во Епизоотиолошката единица.

Член 5

Времетраење и цена на договорот

Договорот се склучува на неопределено време на траење.

Цената на договорот која нарачателот на услугата ќе му ја плаќа на давателот на услугата без пресметан ДДВ, се пресметува на следниот начин:

- од 1 до 10 мајки, 200,00 денари месечно и 22 товеници по 40 денари, по мајка годишно;
- од 11 до 20 мајки, 300,00 денари месечно и 22 товеници по 40 денари, по мајка годишно;
- од 21 до 50 мајки, 500,00 денари месечно и 22 товеници по 40 денари ,по мајка годишно;
- од 51 до 100 мајки, 700,00 денари месечно и 22 товеници по 30 денари, по мајка годишно;
- над 100 мајки, 7000,00 ден, месечно;
- фарми кои се занимаваат со дотов на свињи 500,00 ден месечно и 30 денари по товеник продаден со сертификат;
- за издадени лекови за потребата на фармата по образец од добавувач зголемени со 10% маржа.

Во цената од став 2 на овој член, се опфатени и:

- 1 посета месечно за фарми до 50 мајки;
- 2 посети месечно за фарми над 50 мајки;
- 1 месечно фарми само тов ;
- водење на амбулантен дневник на фарма ;
- останатите посети се тарифирааат по ценовникот на ветеринарни услуги пропишан од Ветеринарна комора на Република Северна Македонија;

За целокупната сума на средства која нарачателот на услуги треба да ја плати по основа на став 2 од овој член, има право од давателот на услугите да бара истиот да ги одработи во вид на пружени услуги наведени во член 2 од овој договор, а наплатени во согласност со минималниот ценовник на ветеринарни услуги пропишан од Ветеринарната комора на Република Северна Македонија.

Член 6

На денот на склучување на договорот, нарачателот на услугата има:

- Број на мајки: 0
- Број на товеници: 424
- Вкупен број на грла: 424.

Член 7

Завршни одредби

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применува Законот за облигациони односи, Законот за финансиска дисциплина и другите позитивно правни прописи на Република Северна Македонија.

Договорот може да се раскине во секое време по барање на една од договорните страни, после финансиско раздолжување на обврските.

Со раскинување на договорот нарачателот на услугите е обврзан писменото раскинување да му го достави на новиот давател на услуги, ако склучува нов договор.

Член 8

Со потпишување на овој договор престануваат да важат предходно склучените договори меѓу ветеринарните друштва и нарачателите на услуги за примарна заштита на животните.

Член 9

Евентуалните спорови во врска со реализацијата на овој договор договорните страни ќе ги решаваат меѓусебно спогодбено и по мирен пат.

Доколку не се постигне спогодбено решавање на евентуалните спорови, ќе решава Основниот суд Гевгелија

Член 10

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 11

Овој договор е составен во 2 (два) еднакви примероци, по 1 (еден) за секоја договорна страна.

НАРАЧАТЕЛ НА УСЛУГИ

Тим Агро фарм доо

Управител,

Горан Косев

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ


Др Ичков доо Е.л

Управител,

Ристо Ј. Ичков

Д-р Ристо Ј. Ичков


ЛИСТА НА ИНСТАЛИРАНА ОПРЕМА



ФАРМА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СВИЊИ СО МЛИН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОЧНА ХРАНА

ЗА

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА



1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на правното лице или физичкото лице кое ќе врши дејност или активност	Друштво за производство, трговија и услуги ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА
Правен статус	ДОО
Сопственост на компанијата	Приватна (100%)
Деловно седиште на правниот субјект (заведена во Централен регистар)	Индустриска бр.40 Мрзенци, Гевгелија
Адреса каде (ќе) се одвива дејноста/активноста	Индустриска зона бр.40 Мрзенци, Гевгелија
Единствен број на правното лице	7207417
Шифра на основна дејност според НКД	01.50 Мешовито фармерство
Број на вработени во објектот каде ќе се врши дејноста или активноста за кој се поднесува барањето	4
Вкупен број на вработени во правното или физичкото лице кое врши дејност или активност	4
Проектиран капацитет	Околу 1700 товеници, 2500 прасиња и 250 маторици годишно и 1 тон на час произведено добиточна храна
Име и презиме на лицето надлежно за контакт во врска со одобрување на елаборатот и неговата функција	Томе Илков
Телефонски број за контакт	+389 (78) 228441

2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ ОПИС НА ДЕЈНОСТА ИЛИ АКТИВНОСТА

А) Концепција

Комплексот од 3 Објекти за одгледување на свињи со млин за производство на добиточна храна е адаптиран во деловен постор изграден на постоечка урбана површина во атарот на с.Мрзенци, Општина Гевгелија и е со капацитет од 150 маторици, 450 прасиња и 450 товеници и 1 тон на час добиточна храна која се произведува исклучително по потреба

Земјиштето на комплексот ќе се диференцира на:

1.отворен дел составен од:

- урбани површини
- пристап, паркинг и економски влез

2.изграден дел

-површина под објекти

а.ОТВОРЕН ДЕЛ

Локацијата е урбанистичка парцела која го обезбедува изградениот и слободниот простор на земјиштето. Локацијата ги обезбедува следните услови:

- ***во непосредна близина на комплексот има развиена зелена површина која се користи за примена на решенија за одложување на отпадот од свињарската фарма***

- ***локацијата е приклучена на постоечката инфраструктура;***

- ***на локацијата од страна на инвеститорот е обезбедена сигурност на објектот вклучувајќи го и целото земјиште на објектот;***

- ***локацијата на Објектите за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна - ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА треба да биде заштитена од бучава и концентрација на штетни материи во воздухот, кои не ги надминуваат дозволените рамки пропишани за станбени населби.***

Неизградениот дел е составен од површини за пристап, паркинг и економски влез.

Затворениот простор е организиран за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна каде е сместена и опремата за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна

Обработката на површините е од материјали што не се лизгаат (бетон, и др.)

Инсталацијата има благо сончева положба, од југо - исток до исток, заштитено од ветер и поседува природни и вештачки сенки. Зелените површини се интегративен дел на Инсталацијата.

Пристап претставува приод или влез со пешачки патеки, паркинг простор и економски влез и се однесува на:

- пешачки патеки кои служат за совладување на растојанието помеѓу патот и влезот на објектот и истите треба да се безбедни и заштитени, и да се избегне лизгавоста и хортикултурно да се обликуваат;

- паркинг простор кој служи за пристап на возила и не треба да ја попречува редовната активност на објектот

Согласно законската регулатива кои се однесуваат на ветеринарните барања предвидено и дезобариера на влезот во комплексот како за возилата така и за луѓето кои влегуваат во комплексот.

Согласно прописите за противпожарна заштита (ППЗ) потребно е просторот за противпожарно возило (ПП возило) како и за друго ургентно возило да биде со широчина од најмалку 4 м.

Економскиот влез треба да овозможи директна врска со комплексот и истиот треба да има добри врски со сообраќајницата. Големината на економскиот влез треба да има добри врски со сообраќајницата и да одговара така да е можно пристап и вртење на лесни транспортни возила, паркирање, третман на отпад и доставување на суровини.

6. ОБЈЕКТ – ИЗГРАДЕН ДЕЛ

3 Објекти за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА се објекти сопственост на компанијата кои се изградени согласно техничките прописи и стандарди за градба на објекти а кои се однесуваат на овој вид на производни услуги.

Сите три објекти се на приземје, димензионирани и обликувани функционално и естетски, во согласност со потребите и активностите на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА. Организацијата на просторот овозможува разновидни активности како и оптимална поврзаност и прегледност.

Објектот ги содржи следните просторни групи:

- простори за одгледување на свињи со севкупната опрема која е предвидена за ваков вид на производство;
- простор за производство на сточна храна
- простори за миење;
- простори за дистрибуција на готова сточна храна
- простори за одложување на отпад
- простори за течен измет
- простори за сместување на амбалажа
- тоалетни простори
- простори за комуникација;
- административен простор

Внатрешната површина ја вклучува целата слободна површина наменета за различни активности на **3 Објекти за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна- ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

2. ОПИС НА УСЛУГИТЕ, МЕТОДИТЕ И ПОМОШНИТЕ ПРОЦЕСИ КОИ СЕ КОРИСТАТ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

Според основната дејност на Инсталацијата, може да се диференцираат два основни процеси, и тоа:

А. Одгледување на свињи

Севкупниот „потенцијал„ на Инсталацијата се изведува преку следните модули – простори и простории на Инсталацијата:

А.1. **Простор за прием на суровини во магацин** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство.

А.2. **Простор за прием на сточна храна** – низ посебен систем за дотур на сточна храна кој се простира од погонот а производство на сточна храна па до секој од објектите се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носи храната до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот. Силосите редовно се чистат и дезинфицираат пред секоја употреба. Од силосите храната се дистрибуира до секоја хранилка на кафезите со транспортна опрема. Тие се со следниот капацитет

- Во халата за товеници 2 силоси од по 5 тона
- Во прасилиште 1 силос од 2.5тона
- Во чекалиште 1 силос од 2.5 тона.
- Во Б фаза 2 силоси по 2.5 тона

А.3. **Процесирање во објектите за одгледување на свињи** – Објектите за одгледување на свињи се опремени со специјализирана опрема која се состои од:

- кафези - капацитет – маторици 150, прасиња 450 и товеници 450 броја;
- систем за одведување на измет;
- поилки;
- хранилки со автоматски систем на храна;
- систем за ладење и климатизација

Кафезните батерии се приземни а на нив се инсталирани линии за хранење, напојување со вода, изѓубрување.

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот и температурата на објектите. Притоа тие се поставени како системи со јачина од 400 W и тоа

- Во халата за товеници поставени 2 системи на вентилатори
- Во прасилиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во чекалиште поставени 1 систем на вентилатори
- Во Б фаза поставени 3 системи на вентилатори

Климатизацијата е опремена и со систем за ладење со т.н. водени завеси кои се состојат од систем на кров од цеви со вода и притоа со вода која ќе се слива се прави водна завеса.

Воздухот поминувајќи низ таа завеса се лади, прочистува и влажен така да во објектот се стварааат строго контролирани климатски услови неопходни за одгледување на свињите.

Исто така се контролираат притоа и концентрациите на амонијак и јаглероден диоксид кои се многу токсични во поголеми концентрации.

Храната се дотура од силосите автоматски со бункери, како што е и системот на вода преку автоматски систем на цевки. Системот за хранење е составен од силоси ланчест транспортер и хранилки за секој од трите објекти посебно

За свињите во сите фази најголемо значење има хранителната вредност на смесата за исхрана. Таа мора да оди согласно фазата на производство и типот на свињата. Највисока хранителна вредност на смесата треба да биде во прва фаза на тов, бидејќи во тој период свињата треба најмногу да расте. Доколку храната не ги задоволува потребите од хранивите материи за својата намена тогаш:

- свињата губи од својата тежина, наместо да расте,
- станува кахектична и поради тоа морталитетот се зголемува,
- производствениот модул опаѓа а големината заостанува.

Потребно е да се напомене дека штотуку вселените прасиња за тов во објектите кои се од сопствено производство се хранат со преодни типови на храна

Смеските за свињи низ различните фази на тов треба да имаат одредена ориентациона хранителна вредност

Системот за напојување е со филтри, нумерач на проток, регулатор на притисок, разводни цевки и нипли.

Изѓубрувањето се врши преку соодветна опрема и е поставена на секоја канална единица. Ѓубрето се изнесува преку соодветен систем до лагуна каде се таложи а потоа се товари во специјален камион - кипер. Понатаму камионот ѓубрето го транспортира до земјоделски површини каде се користи за ѓубрење на истите. На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина. Раководниот тим на компанијата има капацитет да ги исполни целите на овој проект:

- Решавање на проблемите со ѓубрето со негова редукција и елиминирање
- Решавање на проблемите со депонирање на мртвите свињи што значи и исполнување на процедурите на ISO 14001:2000
- Намалување на трошоците кои се прават во однос на депонирањето на ѓубрето и лешевите: транспрот, дезинфекција на возила, амортизација на возилата, работната сила и сл.
- Решавање на проблематиката со микробиолошка контаминација на отпадните води
- Добивање на производи со високи нутриционистички вредности
- Добивање на производ што може да се користи за сите земјоделски култури а со тоа да се добијат еколошки производи со што земјоделците би ги исполниле критериумите на EUREPGAP - системот за органско производство;
- Добивање на производство без придружба на патогени микроорганизми

- Добивање на производство кај кој се елиминирани сите животни биопродукти

Осветлување на објектот е вештачко и контролирано со регулатор на светлина, тајмер и флуоросцентно оранж светилки на местата на прасилиште. Светлосниот интензитет треба да има изведена во сите делови на објекти и треба да изнесува во согласност со барањата на категоријата ан свињата. Исто така интензитот е изведен и по висина.

А.4. **Испорака** – По завршување на процесот на тов врз основа на договори за испорака на свињите се товарат со возила на договорената страна и се изнесуваат од објектот.

Б. Производство на добиточна храна

А.1. **Простор за прием на суровини во погон за производство на сточна храна** – низ посебен економски влез се носат суровини за целокупното производство. Одреден дел од суровините бидејќи се во вреќи се истоваруваат на палети во непосредна близина на млинот за производство.

А.2. **Простор за прием на житни култури** – низ посебен систем за дотур на житни култури кој е во погонот за производство на сточна храна се врши прием на сточна храна со специјални транспортни цевки со систем на спирали од каде со транспортери се носат до млин за мешање на храната а од тука храната со ситем на цевни транспортери се носи до специјални силоси за сточна храна сместени во непосредна близина на секој од боксовите во објектот.

Транспортното возило за пренос на сточната храна е возило кое што е затворено од сите страни што значи дека нема можност за атмосферски влијанија. Возилото е покриено со непропустлив материјал преку целата негова површина. Во било кој период нема никаква опасност околу нарушување на безбедноста на храната.

Возилото пред секое уфрлање на суровини се дезинфицира по мерките и прописите за дезинфицирање на објекти, површини и простори. Комплетната затвореност на возилото значи дека е елиминирано секакво атмосферско влијание.

А.3. **Регистрирање во деловни книги и прием на материјалот во погон за производство** – по приемот во магацинот се заведува суровината, материјалите и сл во деловните книги со сите декларации, декларации за квалитет и сл. со што се врши и прием на материјалот спремен за производство.

А.3. **Процесирање во погонот за производство на сточна храна** – Објектот за производство на сточна храна е опремен со специјализирана опрема која се состои од:

- два силоси по 250 тони за сместување на житарици – пченка, пченица и соја
- три силоси за готова храна по 5 тона
- 4 силоси за готова храна по 2.5 тона
- систем за климатизација
- систем за автоматска припрема на добиточна храна

Вентилацијата е странична со вентилатори вклопена во климатизацијата која е контролирана со контрола на протокот на воздухот на погонот

Останатите адитиви се дотураат рачно во млинот со претходно одмерување

Отпадот кој се создава при производство на сточна храна се во голема мера натрон вреки кои се собираат се врзуваат и се носат на определено место од каде се предаваат на овластени компании за таа намена.

На таков начин е вопоставен и трендот на заштита на човекот како ентитет и на човековата околина.

Осветлување на објектот е вештачко и природно. Светлосниот интензитет е изведен во сите делови на погонот но се избегнува работа надвор од работното време.

А.4. **Испорака** – По завршување на процесот се носи храната надвор во соодветен силос и од тука се носи преку систем на цевен транспортер до местото каде за истата има потреба.

- **Санитарни простории**

Санитарните простории се сместени во поодделни простори и тоа: простор за мијалници и простор со тоалет шолји.

Вратите на санитарните простории се отвораат према надвор.

Листата на опрема е следната

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Ред.бр	Производствено име на средството за работа	Име на прозводителот на средството за работа	Количина	Работна енергија на средството за работа
1	ОПРЕМА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СВИЊИ		ЗА 3 ОБЈЕКТИ – МАТОРИЦИ – 150, ТОВЕНИЦИ – 450 И ПРАСИЊА - 450	Електрична струја
2	ОПРЕМА ЗА ХРАНЕЊЕ		1	Електрична струја
3	ОПРЕМА ЗА ПОЕЊЕ		1	/
4	ОПРЕМА ЗА ИЗНЕСУВАЊЕ НА СМЕТ		1	Електрична струја
5	СИЛОСИ ЗА ХРАНА		ПОВЕКЕ СИСТЕМИ	Електрична струја
6	ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОЧНА ХРАНА		3	Електрична струја

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Управител

ДОГОВОР ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА

Договор за одржување на опрема

Склучен на ден: 11,04,2017

Помеѓу:

1. Тимагрофарм доо свињарска фарма с.мрзенци и

2. Електросервис Иван с.Негорци

Страните од овој договор се договорија за одржување на опремата на фармата два пати во годината за контрола и во случај на потреба за интервенција поради дефект или слична потреба.

Електро сервис Иван за извршената работа ќе доставува фактура..

За Тим Агро Фарм

За Електро сервис Иван

ПРОЦЕДУРА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА

ПРОЦЕДУРА

ПРЕВЕНТИВНО-ПЛАНСКО И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА

1.0 ПРЕДМЕТ

Со оваа процедура ќе се утврдува начинот на спроведување на превентивно - планско и тековно одржување на средствата за работа, со цел да со планираните активности благовремено се откријат причинителите за дефект или евентуалниот дефект, отстранат причинителите и непрекидно се одржува работната способност на средствата за работа, како процесот на забавно рекреативни активности се одвивал во услови со кои се управува (под контролирани услови).

Исто така, со оваа процедура ќе се утврдува начинот на планирање и нарачување на резервни делови за одржување на опремата.

2.0 ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Оваа процедура во својата работа доследно ќе ја применуваат сите вработени во текот на остварување на сите активности поврзани со превентивно - планско и тековно одржување, како и при планирање и нарачување на резервни делови.

За доследна примена на оваа процедура ќе биде одговорен Раководителот .

3.0 ДЕФИНИЦИИ

Превентивно - планско одржување – за потребите на оваа процедура под овој термин ќе се подразбираат активностите над средствата за работа кои опфаќаат:

- периодични прегледи,
- барање и отстранување на слаби места,
- контролни прегледи,
- плански поправки.

Тековно (дополнително, интервентно) одржување - за потребите на оваа процедура под овој термин ќе се подразбираат активности на замена или поправка на составен дел на некое средство за работа после појава на откажување.

4.0 ПРОЦЕДУРА

4.1 ИЗРАБОТКА НА ТЕХНОЛОШКА ПОСТАПКА И ПЛАНОВИ НА ПРЕВЕНТИВНО-ПЛАНСКО ОДРЖУВАЊЕ

Функцијата за одржување значи изработка на технолошка постапка за превентивно - планско одржување на средствата за работа кој се користи во процесот на одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна.

Технолошката постапка на превентивно - планско одржување на функцијата Одржување се изработува, на основа на документација и средствата за работа (упатство за одржување, шеми на инсталации и сл.) и искуствата на одржување на истите или слични средства за работа.

За изработка на технолошката постапка на превентивно - планско одржување на функцијата Одржување ќе се користи образец Технолошка постапка за превентивно одржување во кој ќе се внесуваат:

- основни податоци за средства за работа (машина, опрема),
- опис на активностите за превентивно одржување,
- интервал (зачестеност) на остварување на активностите.

На основа на технолошката постапка на превентивно - планско одржување, функцијата Одржување ќе изработува годишни, квартални и месечни планови за превентивно одржување

4.2 ИНТЕРВЕНТНО ОДРЖУВАЊЕ - ПРИЈАВА НА ДЕФЕКТ

Работникот во објектот за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна ќе биде должен да дефектот на работната машина или опремата го пријави на работодавецот

4.3 ОТСТРАНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТОТ

По приемот за известување за дефект, раководителот ќе пристапи кон дефектот заради попрецизно дефинирање на дефектот.

По завршувањето на отстранување на дефектажата работникот ќе започне со отстранување на дефектот.

4.4 ПУШТАЊЕ НА МАШИНАТА – ОПРЕМАТА ВО УПОТРЕБА

По извршената поправка работникот на одржување, услужниот работник/работникот во објектот за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна врши проба на работата на машината - опремата во присуство на Раководителот

Кога резултатите од контролата ќе се позитивни, работникот во објектот за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна ќе продолжи со прекинатата работа.

Кога резултатите ќе се негативни, работникот ќе продолжи со поправка се додека машината - опремата не ја доведе во исправна состојба.

4.5 ПОСТАПКА СО ДЕМОНТИРАНИ ДЕЛОВИ

Демонтираните делови од машината-опремата ќе подлежат на дефектажа заради утврдување на степенот на оштетување и можноста за поправка или користење во друга намена.

Демонтираните делови од машината-опремата кои ќе можат да се поправат, ќе се поправат во претходно одредено место.

Демонтираните делови од машината-опремата кои не ќе можат да се поправат или користат во други намени, или ќе се однесат во овластен сервис, или ќе се отстрануваат како шкарт делови и ќе се однесат на локацијата за отпад, од каде ќе ги превзема претпријатие овластено за собирање на ваков вид на отпад а со кои компанијата има склучено Договор за собирање на отпад.

4.6 ПЛАНИРАЊЕ НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

Планирањето на резервни делови ќе го врши Раководителот земајќи ги во предвид следните фактори:

- Состојба со машината-опремата кои се сопственост на компанијата во поглед на поверливоста и нејзината работа,
- Нивото на технички знаења и вештини на работата,
- Условите под кои се изведува снабдување со резервните делови,
- Местото и улогата на поедини машини-опреми во услужниот ланец, односно последиците од евентуалниот застој настанат заради чекање на резервни делови.
- Ефикасноста на планирањето и снабдувањето на одржувањето на потребните делови и материјали.

За планирање на резервните делови Раководителот ќе користи податоци за:

- Врста и количината на деловите за вградување по машината-опремата,
- Условите за набавка на деловите и материјалите,
- Врската со изворната документација (документација на производителот - список на резервни делови),
- Постоечките залихи со резервни делови.

Покрај податоците Раководителот при планирање на резервните делови ќе мора да земе во обзир слабите места на машината-опремата и "Евиденцијата за работа на машината-опремата".

Раководителот ќе биде должен да изработи План за набавка на резервни делови за машината-опремата за период од година дена.

4.7 НАБАВКА НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

Список на резервни делови за набавка ќе го формира Раководителот.

На основа на Планот за набавка на резервни делови и вонредните налози за набавка раководителот ќе врши порачка и набавка

Приемот и складирањето на сите резервни делови ќе го врши Раководителот после приемно контролирање кое ќе го врши истото лице.

По реализација на набавката и приемот, резервните делови ќе се превземаат од страна на раководителот кој ќе биде одговорен за нивно складирање.

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА		ПЛАН НА ПОТРЕБНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ					
Инвентарен број	**Назив на машината -делот /Производител**	**Амортизација**	**Каталошки број на делот**	**Количина по машина**	**Количина по машина (год.)**	**Начин на набавка**	**Напомена**

Изработил:	**Датум:**	**Одобрил:**	**Датум:**

ПЛАН ЗА РАКУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

ПЛАН ЗА РАКУВАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Во ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА од производните активности се генерира цврст и течен отпад.

Во границите на Инсталацијата, се врши привремено депонирање на отпад кој подоцна после ,,зреењето,, се носи на земјоделски површини. Отпадот, кој се создава од активностите во Инсталацијата, се предава на овластени компании за понатамошно постапување,

1. Измешан комунален отпад (20 03 01)

Измешаниот комунален отпад, се генерира од вработените од Инсталацијата и овој отпад се собира во садови за комунален отпад, кои се поставени на повеќе локации во внатрешноста и надворешниот дел на Инсталацијата.

Садовите за комунален отпад се зелени канти од 120 литри и контејнери за привремено складирање.

Во внатрешноста на инсталација има поставено канти кои секојдневно се празнат од назначено лице во големите контејнери поставени надвор од инсталацијата .

2. Отпад од пакување од хартија и картон (15 01 01)

Овој вид отпад, се генерира како резултат на набавка на помошни материјали кои се употребуваат и набавените пакувани материјали и резервни делови потребни во погоните за производство.

Во Инсталацијата на места каде се генерира отпад од картон и хартија, има посебни места за привремено складирање.

Согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и Законот за управување со пакување и отпад од пакување, отпадната хартија и картон ќе се складира привремено до негово предавање на овластената компанија за собирање и примарна преработка на отпад ДТ ЛЕКСУС ДООЕЛ Кавадарци.

Предавањето на овој отпад се одвива според потребите и создадената количина и истото биде евидентирано при нивно создавање и предавање.

3. Отпад од пакување од пластика (15 01 02)

Овој вид отпад, се генерира како резултат на набавка на помошни материјали кои се употребуваат во административните простории и набавените пакувани материјали и резервни делови потребни во погоните за производство.

Во Инсталацијата на места каде се генерира отпад од пластика, има посебни места за привремено складирање..

Согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и Законот за управување со пакување и отпад од пакување, отпадот од пластика ќе се складира привремено до негово предавање на овластената компанија за собирање и примарна преработка на отпад ДТ ЛЕКСУС ДООЕЛ Кавадарци.

Предавањето на овој отпад ќе се одвива според потребите и создадената количина и истото биде евидентирано при нивното создавање и предавање.

4. Отпад од земјоделство, хортикултура, аквакултура, шумарство, лов и риболов, подготовка и преработка на храна – животински измет, урина и ѓубриво (гној) измешани со слама) , отпадни води, посебно собрани и третирани вон од местото на создавање (02 01 06)

Отпадниот животински измет, урина и ѓубриво (гној) измешани со слама) , отпадни води, посебно собрани и третирани вон од местото на создавање_се генерира на местата на одгледување на свињи Инсталацијата

Со помош на систем на испирање на боксовите каде се одгледуваат свињите во секоја од фазите, размешаниот отпад се носи во лагуни каде се таложи, а потоа се превзема од страна на земјоделци кои го растураат согласно претходно утврдена динамика на земјоделските површини со кои има склучено договор за услуги.

ПРОЦЕДУРА ЗА НАБАВКА

ПРОЦЕДУРА
ПЛАНИРАЊЕ НА НАБАВКИТЕ

Политика: Суровини се набавуваат само од одобрени добавувачи, заради сигурност во безбедноста на производот кој се произведува

Процедури : Вработените во набавка мора :

1. Да ги разбираат регулативите за специфичната суровина :

Набавка од производители кои користат суровини од одобрени производители, фабрики кои ги применуваат начелата за Добра Производна Пракса.

Кога се прави директна набавка, купувачот потребно е да е сигурен дека пакувањето е чисто и се одржува во целина, према спецификацијата на производот .

2. Посетете ги одобрените добавувачи да бидете сигурни во чистотата и одржувањето на магацините, дали безбедно се складираат продуктите, каква работната пракса применуваат и дали можноста за контаминација е сведена на минимум.

3. Набљудувај ги возилата со кои се пренесуваат продуктите; чиста средина и контрола на околината

4. Употребувајте напишана спецификација, за да знаете што доставувачот Ви донесол.

Важно за раководител на производен погон ќе биде:

1. Да се напише спецификација за бараниот производот, за добавувачот да е запознаен со вашите барања.

2. Координираност на истовар на продуктите, со цел да се обезбеди робата штом пристигне, веднаш да се истовари. Распоредот за прием на суровини да ги задоволи постапките за проверка, истовар на количините.

3. Погледни ги нарачаните и примените продукти према описот на производот од спецификацијата.

4. Барање од сите добавувачи за пишани документи дека ги почитуваат законските барања.

5. Следи / провери ако има потреба

ОДОБРЕНИ ИСПОРАЧАТЕЛИ

ПРОЦЕДУРА: ИЗБОР И РАНГИРАЊЕ НА ДОБАВУВАЧИ

1.0 ПРЕДМЕТ

Со оваа процедура се утврдува начинот на вреднување и избор на испорачателите на суровини, репроматеријали, производи и услуги, врз основа на нивната способност да ги исполнат барањата на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** со што се обезбедува дека набавените производи ќе бидат во согласност со утврдените барања.

2.0 ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Оваа процедура е наменета на вработените кои се должни да ја применуваат при вреднувањето и изборот на испорачателите, а врз основа на:

- следење и оценка на нивната способност да ги исполнат барањата на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**
- оценка и одобрување кај испорачателот на суровини, репроматеријали, производи и услуги;
- вреднувањето на мострите доставени од испорачателите;

и при водењето на записите за резултатите од вреднувањето на испорачателите.

Одговорноста за примена на оваа процедура е на Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**.

3.0 ПРОЦЕДУРА

ОЦЕНКА И РАНГИРАЊЕ НА ИСПОРАЧАТЕЛ

Цел на рангирањето и оценката на испорачателите на производи и услуги е формирање на листа на одобрени испорачатели од вреднувањето на испорачателите кои ќе даваат насока на Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** при избор на испорачатели за специфичните производи и услуги, потребни за реализација на производствените акивности на комплексот.

Обврска на Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** при набавките на производи и услуги е да избира потполно одобрени испорачатели.

Листата на одобрени испорачатели ја сочинуваат испорачатели на кои им се следи квалитетот на испораките или испорачатели кои се прифатени врз основа на резултатите од контрола и испитувања на примероци од нивните производи. Во работењето со добавувачите постојат:

- 1 потполно одобрен - за испорачател во чии 5 последни испораки не е утврдена неусогласеност.
- 2 привремено одобрен - за нов испорачател и за оној чиј квалитет на испораки не е оценет (проверен), но кој **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** повремено го користи или е монополист на пазарот.
- 3 деградиран - за испорачател чиј квалитет на испораки не се во согласност со барањата на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

ЗЕМАЊЕ И ОЦЕНКА НА ПРИМЕРОЦИ

Се врши согласно со Правилникот за земање на мостри заради нивно испитување

4.0 КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

Ако во текот на одвивање на процесот во **Фарма за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна** дојде до било какви нарушувања или до несакани ситуации со набавените производи или суровини, веднаш се известува добавувачот и доколку се можни мерки за корекција за враќање на процесот во зададените рамки истите се превземаат, а количината на производот која настанала за времетраење на нарушувањата се издвојуваат, обележуваат и со нив понатаму се постапува како со неусогласен производ.

Доколку нарушувањата се од таква природа да ги надминуваат можностите на корекција Раководителот на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** превзема мерки за запирање на процесот до конечно решавање на проблемот и враќање на процесот во зададени рамки.

Потполно одобрен испорачател го менува статусот во деградиран кога неусогласеност се јавува со зачестеност од 2 на последните 4 испораки.

Доколку испорачателот не го подобри квалитетот на своите испораки, ќе биде отстранет од листата на одобрени испорачатели, доколку има алтернативни испорачатели;

На привремено одобрен испорачател ќе му биде доделено потполно одобрение кога во 5 последователни испораки не му се појавила неусогласеност;

На деградиран испорачател му се менува статусот во потполно одобрен испорачател, кога во 5 последователни испораки не му се појавила неусогласеност.

За превземање на мерките се известува добавувачот на материјалите односно суровините.Во случај на било каков инцидент се спроведува проценка на безбедноста на готовите производи.

5.0 ЗАПИСИ

- Листа на одобрени испорачатели

Сите записи се чуваат 3 години.

5.0 ОДГОВОРНОСТИ

Документација — Раководител на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

6.0. ВЕРИФИКАЦИЈА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОГРАМИ

Верификацијата на процедурата се изведува во текот на реализација на самото работење и на крајот на реализацијата на процесот на **Фарма за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна**. Верификацијата ја вршат одговорни лица предвидена со самата процедура. Начинот на верификација може да биде по пат на: редовни и вонредни интерни проверки на системот

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА		**ЛИСТА НА ОДОБРЕНИ ИСПОРАЧАТЕЛИ**			
Ред. број	**Испорачател**	**Производ**	**Категорија на одобрување**	**Статус на одобрување**	**Напомена**
1					
2					
3					
4					
5					
6					
7					

Изработил:	Датум:	Одобрил:	Датум:

БЕЗБЕДНОСТ НА ВОДА

ПРОЦЕДУРА: БЕЗБЕДНОСТ НА ВОДА ВО ФАРМА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА СВИЊИ И МЛИНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СТОЧНА ХРАНА

1.0 ПРЕДМЕТ

Со оваа процедура **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** ја утврдува постапката за одржување на безбедноста на вода која се користи за одржување на хигиена на **Фарма за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна**, работниот простор, опремата, уредите, приборот, алатот, работните површини, работните одела и останатата лична заштитна опрема, со што се обезбедува:

- Ефикасно контролирање и одржување на хигиенско - санитарните услови (хигиена) во **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**
Територијата на општината се одликува со богатство на различни карпести маси, што значи дека инжинерско - геолошките карактеристики се доста различни и во зависност од литолошкиот состав на стената, тектонската оштетеност и свежина. Геолошкиот состав е разноврсен и богат така што овозможува експлоатација на минералното благо. Во прв ред, тука се неметалните појави, нарочно на украсен камен во кој спаѓаат: ортофирите, варолатите, мермерите, гранитот, габровите и анфиолитите.

Општина Гевгелија го зазема Долното Повардарие односно Гевгелиската котлина. Просторот се одликува со просторни површини од ридско рамничарските терени, кои се издигаат до околу 600 м.н.в, на кои се развиваат полувијално - делувијални и циментно кафеави почви и планинско подрачје, од 600 - 2000 м.н.в, на кои доминираат кисело - кафеави почви. Во геолошки поглед теренте се изградени претежно од габро и дијабаз, а делумно од гранити и карбонати.

Гевгелиската котлина е под големо влијание на средоземната клима која, иако, изменета ги нуди сите погодности и можности за развој на општината.

Бонитетната вредност на обработливите површини се изразува со 8 бонитетни класи, од кои I, II и III класа имаат највисока вредност што значи на нив можат успешно

да се одгледуваат сите култури застапени на ова подрачје. Почвите со овој бонитет имаат и најголемо учество во вкупната обработлива површина. На површините од 4 и 5 бонитетна класа може да се одгледува ограничен број култури со просечни производствени резултати. Останатите класи се со ниска бонитетна вредност.

3.5.2. Сеизмички карактеристики

Теренот на Гевгелиската општина му припаѓа на просторот на Вардарската зона која се одликува со повремена сеизмичка активност.

Сеизмичката динамика на овој епицентрален предел се базира на неговиот тектонски склоп. Во основни потези тој склоп е многу едноставен. Меѓу хорстовите од стари маси (кристалести шкрилци од И група) во облик на своевиден тектонски ров, стеснета е Вардарската зона. Главните нејзини хорстови, од исток се блоковите на Родопската маса, а од запад блоковите на Пелагониската маса. Всушност пред формирањето на Вардарската зона, двете маси претставувале една целина - Родопски масив.

Со распаѓањето на овој масив, некои делови (блокови) помеѓу раседите се одвојувале, додека некои делови (блокови) помеѓу нив потонувале и биле засипувани со помлади творевини, создавајќи на тој начин тектонски депресии или ровови. Таков ров претставува и Вардарската зона. Рововите се подложни на разновидни притисоци и оттука на нив се применети разни движења кои повремено се манифестираат со сеизмички појави (земјотреси), од различен тип и интензитет.

Најсилните до сега забележани трусни катастрофи на ова подрачје настанале во 1931 година. По оваа трусна катастофа периодот е релативно мирен, со исклучок на 21.12.1990 година, кога се случи силен земјотрес со магнитуда од МЛ=5.6 по Рихтер, со епицентар 25 км јужно од Гевгелија.

3.6. Геопрометна, геостопанска и геотуристичка положба

Општина Гевгелија има мошне поволна геопрометна, геостопанска и геотуристичка положба што се манифестира преку Вардарската развојна оска, која се надоврзува кон југ со Грција и на север со Србија, со што влегува во системот на Балканот и Европа.

Општината се граничи со Грција од што произлегуваат низа предности за стопанскиот развој на општината.Орографските услови се поволни и не се појавуваат пречки во однос на пробивањето на сообраќајниците за поврзување на одделните подрачја.

Исклучок претставува западниот дел од општината, но поради туристички интересните простори, експлоатацијата на шумите, користењето на извесни рудни наоѓалишта извршено е пробивање на сообраќајници и во овие простори.

За општината посебно интересно е пробивањето на сообраќајниот правец кон западниот дел на Републиката, на линија Кожуф - Мариово - Пелагонија, како дел од кружната туристичка магистрала низ Македонија. Шумскиот пат преку Полјана овозможува сообраќајно поврзување на оваа општина со општина Кавадарци. Двата патни правци минуваат низ прекрасни пејсажни комплекси и шумски пространства обогатени со водопади, планински превои и други природни феномени.

Основните погодности врз кои се темели туристичката перспектива на општината се термоминералните води, поволната геопрометна положба, климатските и вегетациските карактеристики, можностите за лов и риболов и др.Термоминералнате води во Негорските бањи и локалитетот Смоквица се одликуваат со низа квалитети: издашност, температура и состав на водите како поволни индикации за лекување на разни заболувања.

Геопрометната положба на општината, низ која минува најфреквентната сообраќајница во Република Македонија, магистралниот пат Е-75 или Коридорот 10, претставуваат важен фактор за локалниот економски развој, посебно, на транзитниот туризам, во кој централно место зазема градот Гевгелија и граничниот премин Богородица.

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

НЕТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

1.0. Опис на инсталацијата и нејзините активности

Инсталацијата преставува Комерцијално деловен објект за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна. Објектот е наменет за реализирање на задачите и активностите кои ги бара инсталацијата и е распореден на една локација, и тоа

- Локација во с.Мрзенци, Општина Гевгелија:

1 Комплекс за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна

Инсталираната опрема која се користи за објектот за одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна се користи по потреба и е во редот на софистицирани опреми.

Манипулацијата со ситниот алат и прибор во објектот се врши рачно.

Изнесувањето на смет, ѓубре од објектите се врши со секојдневно чистење при што истите се одлагаат на специјално место за таа намена во непосредна близина на објектите, од каде се превзема од лица кои се вработени во специјализирани компании кои имаат воспоставено динамика на земање на отпадот во посебно возило за таа намена и за што има склучено договор за соработка како и од овластени компании за собирање на друг вид на отпад.

Заложба на менаџментот е да воспостави систем за добро менаџирање со отпадот, односно да спроведе одредени активности за намалување на различните видови на емисии, како и да воведе соодветни технолошки иновации за заштита на почвата чие загадување не е во големи размери и е минимално.

2.0. Олис на суровини и помошни материјали / готови производи

Основните суровини, кои се користат за извршување на планираните активности на Инсталацијата и нејзините делови, воглавно преставуваат материјали кои не содржат опасни супстанции.

Поголем дел од суровините, преставуваат состојки кои се користат во целост, без неоргански остатоци, поради што нема да постои штетно влијание на околината.

Во основа отпад претставува отпадот од амбалажа и материјалот кои се оставаат на локацијата специјална за таа намена.

Отпад претставува и отпадот од измет од одгледувањето на свињи кој се носи на земјоделски површини како дополнување на ѓубрењето на земјоделските површини

3.0. Извори на емисии од инсталацијата

Природата на дејноста која се врши во објектите на Инсталацијата и нејзините делови, укажува на ненасочената емисија на компоненти во воздухот но нема таква концентрација на штетни материи кои би ја надминале максимално дозволената концентрација и штетно би влијале врз животната средина и природата.

Инсталацијата и нејзините делови нема да вршат загадување на воздухот со штетни материи и согласно со постоечките важечки нормативи не е потребна посебна заштита.

Нивото на бучавата е во границите на максимално дозволеното ниво.

Отпадна вода која се создава при секојдневно користење на тоалетниот простор и отпадната вода од процесот на миење на објектите за одгледување на свињи се одведува преку систем на подземна канализација во постоечка септичка јама, во кругот на Инсталацијата, од каде не стигнува до некој природен или фортификациски водотек.

Према природата на дејноста, активностите во Инсталацијата не создаваат штетни вибрации.

Во околината на Инсталацијата и нејзините делови како и на нивната локација нема извори на нејонизирачко зрачење.

4.0. Историско загадување

Не се утврдени било какви загадувања во минатото, кои би имале некое значајно влијание на животната средина.

5.0. Понатамошни планирани мерки

Операторот има изготвено конкретна Програма за подобрување на мерките на животната средина со предвидени активности во правец на спречување, односно намалување на можноста од штетно влијание во отстранувањето и депонирањето на отпадниот материјал кој се создава во текот на извршување на секојдневните активности на компанијата.

Операторот има припремено План за спречување хаварии и реагирање во итни случаеви

Изработено е Упатство за подготвеност при вонредни состојби, список на потенцијални инцидентни и вонредни состојби како и план за реагирање при инцидентните ситуации.

Изработени се проекти и упатства во кои се опфатени сите чинители кои влијаат на животната средина и работната средина, а кои се јавуваат како последица од активностите на претпријатието, како и анализа на опасностите и конкретните мерки и средства кои се предвидени за целосно извршување на заштита на вработените и заштита на животната средина.

Вработените се запознати со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и со планот за реагирање при инцидентните ситуации.

Како превентивна мерка е опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки.

Исто така, Операторот има припремено План за ремедијација, престанок со работа, како и повторно започнување со работа на Инсталацијата.

Со предвидените мерки за делумен престанок со работа, се земаат предвид детали за организацијата како што се количина на складирани суровини, помошни материјали, опрема која не е во функција со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзин престанок.

Успешно дислоцирање и со минимизирање на влијанијата врз животната средина би се одвивале следните фази:

- Дислокација на стоката, суровините и крајните производи
- Дислокација на процесната опрема
- Дислокација на објектите
- Повторно доведување на локацијата до состојба погодна за друга дејност

Планот се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадување, како и истражувања за ризиците кои произлегуваат од активноста од работниот век на инсталацијата.

6.0. Планирани мерки за мониторинг на емисиите во животната средина

Заради следење на емисиите и правење анализа на загадувачките материи, предложено е место (точка) за мониторинг, и тоа:

- Точка за мониторинг на отпад (6) во правец на влијанието во однос на подрачјето.

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО
С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАН ЗА ХАВАРИИ

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА
ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

СОДРЖИНА

1.0. Вовед
2.0. Складирање и управување со суровините и производите
3.0. Управување со отпад
4.0. Дренажен систем
5.0. Област за прифаќање за секој истек
6.0. Транспорт на материјали внатре во локацијата
7.0. Упатство за подготвеност при вонредни состојби
7.1. Намена и цел
7.2. Подрачје на примена
7.3. Поими и дефиниции
7.4. Опис на текот на активностите
7.4.1. Идентификација на потенцијални инциденти и вонредни ситуации
7.4.2. Изработка на список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации
7.4.3. Изработка на план за реагирање при инциденти и вонредни ситуации
7.4.4. Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и планот за реагирање при инциденти и вонредни ситуации
7.4.5. Надлежности
7.5. Референтни документи
7.6. Записи
7.7. Прилози
7.7.1. Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации
7.7.2. План за реагирање при инцидентни случаеви

1.0. Вовед

Изработено е Упатство за подготвеност при вонредни состојби, список на потенцијални инцидентни и вонредни состојби како и план за реагирање при инцидентните ситуации.

Изработени се проекти и упатства во кои се опфатени сите чинители кои влијаат на животната средина и работната средина, а кои се јавуваат како последица од активностите на компанијата, како и анализа на опасностите и конкретните мерки и средства кои се предвидени за целосно извршување на заштита на вработените и заштита на животната средина.

Вработените ќе бидат запознати со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и со планот за реагирање при инцидентните ситуации. Како превентивна мерка ќе биде опфатено поставувањето на лесно воочливи пригодни табли или други знаци за забрани и предупредувања, со натписи или цртежи кои информираат за опасностите и забранетите постапки.

2.0. Складирање и управување со суровините и производите

Детали за складирање на суровините и помошните материјали како и за транспортот на суровините на локацијата на барање на Министерството за заштита на животната средина може да се дадат во Прилог

3.0. Управување со отпад

Детали за управување со цврстиот и течниот отпад на барање на Министерството за заштита на животната средина може да се дадат во Прилог

4.0. Дренажен систем

За целиот комплекс е изведена мрежа од канали за прифаќање на атмосферските води. При некоја непредвидена емисија на отпадна вода (при гаснење на пожар, излевање...), одводната мрежа ги задоволува потребите за одведување на санитарно-фекалната, технолошката отпадна вода и атмосферската вода од комплексот.

5.0. Област за прифаќање за секој истек или систем за колекција кој е во функција

Отпадната вода од помошните објекти - тоалети се слива во септичка јама

Отпадната вода од процесот на одгледување на свињи се одлева во лагуни кои се паралелно поставени до објектите

6.0. Транспорт на материјали внатре во локацијата

Детали за транспортот на барање на Министерството за заштита на животната средина може да се дадат во Прилог.

7.0. Упатство за подготвеност при вонредни состојби

Содржина

Намена и цел

Подрачје на примена
Поими и дефиниции
Опис на текот на активностите
Референтни документи
Записи
Прилози

7.1. Намена и цел

Намената и целта на Упатството за подготвеност при вонредни состојби е одредување на можни вонредни состојби, планирање на активностите за одзив и спречување и ублажување на можните влијанија врз безбедноста и квалитетот на производот и врз животната средина.

7.2. Подрачје на примена

Се применува во сите работни делови во ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

7.3. Поими и дефиниции

Подговеност за реагирање/одзив при вонредни состојби - креирање на одговор, при ситуации за кои постои мала веројатност дека ќе се случат.

Хаварија- во однос на спречување и контрола на хаварии, е појава на голема емисија, пожар или експлозија настаната како резултат на неконтролирани настани во текот на работењето на било кој систем, со учество на една или повеќе опасни супстанции, а што доведува до сериозна опасност за животот и здравјето на човекот и за животната средина, веднаш или подоцна, во или надвор од системот што вклучува една или повеќе опасни супстанции.

Инцидент - непланирано случување кое може да доведе до помали незгоди.

Хаварија врз човекот - непланирано случување кое може да биде причина за смрт, тешки повреди, професионални заболувања, оштетувања, штета или друг вид на загуба.

Опасност - извор или ситуација со можности на предизвикување на штета во областа на повреда на работно место, професионални заболувања, штета за имотот, штета на работната средина или комбинација на истите.

Идентификација на спасностите - постапка за утврдување на постоењето на опасност и одредување на нејзините својства

7.4. Опис на текот на активностите

7.4.1. Идентификација на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Се идентификуваат потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и тоа:

- инциденти при вообичаените работни активности
- инциденти при одржување на опремата и објектите
- индустриски хаварии
- елементарни непогоди (поплава, земјотрес и сл.

7.4.2. Изработка на список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

7.4.3. Изработка на план за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации

7.4.4. Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и планот за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации

7.4.5. Надлежности

АКТИВНОСТ	НАДЛЕЖНОСТ
Идентификација на потенцијалните инциденти и вонредни ситуации	РАКОВОДИТЕЛ
Изработка на список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации	РАКОВОДИТЕЛ
Изработка на план за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	РАКОВОДИТЕЛ
Одобрение на планот	РАКОВОДИТЕЛ
Запознавање на вработените со потенцијалните инциденти и вонредни ситуации и планот за реагирање при инцидентите и вонредните ситуации	РАКОВОДИТЕЛ

7.5. Референтни документи

Закон за животната средина

7.6. Записи

Во записи ќе се внесени документите кои се објективен доказ за спроведена активност или постигнати резултати.

Ред. бр.	Име на записот	Место на чување	Време на чување	Одговорно лице
1	Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации	Архива	5 год	РАКОВОДИТЕЛ
2	План за реагирање при инциденти и вонредните ситуации	Архива	5 год	РАКОВОДИТЕЛ

7.7. Прилози

Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

План за реагирање при инциденти и вонредните ситуации

7.7.1 Список на потенцијални инциденти и вонредни ситуации

Елементи на процесот	*Опис*	*Што се работело*
Инциденти		
Загадување на почвата и подземните води	*Емисија на контаминиран отпад врз местото одредено за оставање на отпад или прекувремено оставање на отпадот на местото за негово депонирање во Инсталацијата*	*Неприменување на процедура за управување со отпад*
Пожар	*Пожар на објектите, инсталациите,*	*Неисправност на електричната инсталација.* *Неисправност на ел. инсталација за осветлување и вентилација* *Користење отворен оган во објектите*
Вонредни ситуации		
Земјотрес		

Саботажа		

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Раководител

_____

7.7.2. План за реагирање при инцидентни случаеви

Вид на инцидент/вонредна ситуација	Можни влијанија на ЖС	Мерки
Пожар на објектите, инсталациите	*Загадување на воздухот, почвата*	*Исклучување на доводот на електричната енергија Итен повик на Службата за ПП заштита; итна помош; Исклучување на инсталацијата за довод на електрична струја. Изолирање и дислокација на запаливите материи складирани во објектот (амбалажа, вреќи, материјали и сл.)*
Земјотрес	*Загадување на воздухот, почвата и водите*	*Запирање на сите доводи на енергенси и флуиди. Итен повик на Службите за ПП-заштита и Прва помош. Санација на оштетувањата од било кој вид во соработка со соодветни стручни екипи. Контрола на ПП- апаратите на извршени редовни превентивни прегледи и обука за нивно користење. Примена на Правилникот за безбедност и здравје при работа и Нормативот за користење на лични заштитни средства.*

Поважни телефони	Број
Противпожарна бригада	193
Полиција	192
Брза помош	194

Опрема	Место на наоѓање
ПП АПАРАТИ	НИЗ ЦЕЛИОТ ОБЈЕКТ

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Раководител

_____

ПЛАН ЗА РЕМЕДИЈАЦИЈА

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

ПЛАН
ЗА РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА

СОДРЖИНА

		стр.
1.0.	Вовед	2
2.0.	Историја	2
3.0.	Делумен престанок со работа и повторно активирање	3
4.0.	Целосен престанок со работа	3
5.0.	План за управување со резидуи	3

1.0. ВОВЕД

Со оглед дека ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА се наоѓа на локација предвидена за деловни објекти, секогаш ќе биде атрактивна за дополнување и проширување на истата.

Инсталацијата ќе преставува систем од еден објект, распореден на една локација, и тоа:

- Локација во Валандово

Претежна дејност на Инсталацијата е **одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна**. Сепак, за екстремен случај на затворање на локацијата, предложени се мерки со цел да се минимизираат краткорочните и долгорочните ефекти на активноста врз животната средина по престанок на активноста на локацијата.

Предложените мерки за минимизирање на влијанието на животната средина во случај на целосен или делумен престанок со работата на дел на активноста на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** се дадени во Планот за управување со резидуи.

2.0. ИСТОРИЈА

Инсталацијата за **одгледување на свињи и млинот за производство на сточна храна** се наоѓа во с.Мрзенци, Гевгелија. Според досегашниот урбанистички план, не е во план целосно дислоцирање на таа локација.

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА не е опкружена со други деловни активности и нема никакво влијание врз неа, а е предвиден и План за управување со резидуи во случај на целосно затварање на локацијата и нејзина пренамена, со цел локацијата да се врати безбедна и ослободена од резидуи кои може да резултираат во загадување на животната средина.

Области опфатени со Планот за управување со резидуи се:

- Суровини, помошни материјали, горива, цврст и течен отпад;
- Опрема;
- Објекти
- Внатрешни сообраќајници и платоа;
- Друга инсталација.

Во Прилог се дадени детали за суровините, помошните материјали и крајните производи кои се складирани на локацијата заедно со детали за отпадот и количината .

3.0. ДЕЛУМЕН ПРЕСТАНОК СО РАБОТА И ПОВТОРНО АКТИВИРАЊЕ

При делумен престанок со работа, се земаат во предвид детали за организацијата како што се количина на стока на свињи, складирани суровини, помошни материјали, производи, опрема која не е во функција со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзин престанок.

Се зема предвид количината на складирани суровини, помошни материјали, производи и отпад.

Се претпоставува дека однапред ќе се знае периодот на престанокот со работа, суровините ќе бидат исцрпени, а отпадот дислоциран но во случај на нивно присуство ќе се дислоцираат на одреден простор кој би имал потреба од нив.

Опремата ќе се проверува и доколку е застарена и не е во употреба ќе се демонтира и металот од кој е направена ќе се продава како секундарна суровина.

Опремата која ќе е во функција се проверува, и доколку не е потребна при повторното активирање на инсталацијата ќе се дислоцира онаму каде таа е потребна.

Цврстиот отпад од рушење, градење, поправки на објектите, како и ископаната земја кои не се употребливи ќе се носат на депонија за цврст отпад.

4.0. ЦЕЛОСЕН ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

Изработен е План за управување со резидуи во случај на целосен престанок на работа на Инсталацијата.

Успешно дислоцирање и со минимизирање на влијанијата врз животната средина би се одвивале следните фази:

- Дислокација на суровините и крајните производи
- Дислокација на процесната опрема
- Дислокација на објектите
- Повторно доведување на локацијата до состојба погодна за лесна индустрија

5.0. ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕЗИДУИ

Пренамена на локацијата

Бидејќи локацијата наменета за деловни објекти во прв ред е пренамена во слична дејност, за доведување на локацијата до состојба погодна за тоа ќе биде потребно да се

направат анализи на почвата и дополнителни истражувања со кои ќе се утврди дали е потребно деконтаминирање или отстранување на контаминираниот слој на локацијата.

Доколку се утврди контаминација на површината ќе се превземат соодветни мерки во согласност со Законот за заштита од јонизирачко зрачење, Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина.

Контрола на остатоците на материјали на локацијата

Со Планот за управување со резидуи ќе се претпоставува дека периодот на затварање би бил однапред познат и складираните количини на суровини, помошни материјали, готови производи и отпад би биле исцрпени или сведени на минимум.

Дел од материјалите кои не се употребени ако е можно ќе бидат вратени на добавувачот. Останатите материјали ќе бидат соодветно распоредени.

Со цврстиот отпад ќе се постапува според Член 26 и Член 34 од Законот за управување со отпад (Сл.весник 68/04).

Планирано расчистување и чистење на градби и технички постројки

Опрема и возен парк

Доколку опремата е сеуште функционална, ќе биде преместена на соодветна локација за таа намена. Доколку е надвор од функција, во зависност од материјалот од кој е изработена ќе биде селектирана и продадена како секундарна суровина.

Со искористената неупотреблива електрична и електронска опрема ќе се постапува во согласност за Член 71 од Законот за управување со отпад (Сл.весник 68/04).

Објекти

При изградбата на објектите не е употребуван азбестен цемент кој е штетен и за човекот и за животната средина.

Основната конструкција на објектот е армирано-бетонска и челична конструкција со изолационен материјал

Надворешните ѕидови се од тврда градба со изолационен материјал во средината.

Подот и фундаментите се од армирано бетонска конструкција.

Градежниот отпад од цврстата градба би биле одложени на депонија за цврсти материјали, или може да се продаде за повторна употреба како гранулационо полнило и агрегат.

Вратата од главниот влез е од метални профили прекриени со алуминиумски материјали, а прозорците се од метални профили.

При дислоцирање, дел од материјалите кои може да се искористат би биле демонтирани и дислоцирани, а останатата метална конструкција би била демонтирана и продадена како секундарна суровина.

Подот е бетонски со керамички плочки и дрвен материјал. Сиот отпад може да се продаде за повторна употреба како гранулационо полнило и агрегат.

Внатрешни сообраќајници и платоа

Шутот од патеките би се депонирал на депонија.

Дренажен систем

За отстранување на дренажниот систем е потребно подолго време, но во зависност од пренамената на локацијата, дел од истиот би можел да се пренамени и искористи.

Опсег на уривање

Би се истражувала можноста и начинот на преместување/враќање во нормална состојба/одложување на отпад. Дислокацијата би се одвивала во следните фази:

Фаза 1: Дислокација на суровини, производи и отпад (доколку не се исцрпени) и помошни материјали.

Фаза 2: Дислокација на опремата и инсталациите.

Фаза 3: Рушење на објектите од цврста градба, објекти кои може да се демонтираат и нивна селекција за понатамошни искористување.

Управување со отпад од градење/уривање

Отпадот од градба или уривање ќе биде одложен на депонијата за цврст отпад. Во случај на можно искористување, материјалот ќе биде соодветно третиран.

Ремедијација на контаминирана површина

Контаминираност може да се појави и на горниот слој на земјата. Во тој случај ќе се вршат мерења, а ако мерењата покажат контаминираност истата ќе се третира на соодветно место надвор од локацијата и како чиста ќе се складира на депонијата за цврст отпад.

Ќе се извршат мерења на контаминираност на сите места каде има потенцијална опасност од контаминација и ќе се превземат горенаведените мерки особено при демонтажа на канализационата мрежа.

Одржливост и проверка на планот

Во текот на оперативниот живот на инсталацијата, Планот за управување со резидуи ќе се преиспитува во зависност од потребите и измените кои се направени на локацијата. Планот ќе се ажурира со секоја измена и со секое ново истражување за загадување, како и истражувања за ризиците кои произлегуваат од активноста од работниот век на инсталацијата.

Инвестициони вложувања

Поз.	ОПИС НА ТРОШОЦИ	Проценета вредност (ден)
1.	За преместување на опрема и стока	550.000,00
2.	За уривање на ѕидовите	400.000,00
3.	За уривање на подот и фундаментите	400.000,00
4.	За одложување на градежниот шут на соодветна депонија	400.000,00
5.	За истражување на квалитетот на почвата и ст. на загаденост	150.000,00
6.	Уредување на земјиштето	500.000,00
	Вкупно:	**2.400.000,00**

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

Изработил

МЕТОДИ ЗА СИТЕ ВИДОВИ НА МЕРЕЊА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ИНФОРМАЦИЈА ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ И АНАЛИЗИ ПРИ ВРШЕЊЕТО НА МОНИТОРИНГ

ВИД НА ИСПИТУВАЊЕ ИЛИ МЕРЕЊЕ	ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА МЕРЕЊЕ НА ЕМИСИИ НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ ВО ВОЗДУХ
МЕТОДИ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ И АНАЛИЗИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА МОНИТОРИНГ	МКС TS 15675 – МКС EN ISO 15259 МКС EN ISO/IEC 17025:2018 МКС EN 13284-1:2018 Стационарни извори на емисии – Одредување на ниска концентрација на прашина, Дел 1 – мануелна гравиметриска метода МКС 10780-2008 Стационарни извори на емисии Правилник за граничните вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки материи во отпадните гасови и пареи кои ги емитирата стационарните извори на воздухот (Сл.весник на РМ бр. 141/10 и 223/19)

ВИД НА ИСПИТУВАЊЕ ИЛИ МЕРЕЊЕ	ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИИ НА ЦВРСТИ ЧЕСТИЧКИ ВО АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ
МЕТОДИ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ И АНАЛИЗИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА МОНИТОРИНГ	МКС TS 12341ч2014 – амбиентен воздух – стационарна метода на гравиметриски мерења за одредувањ ена цврсти честички 10 или цврсти честички 2.5 масена фракција од суспендирани цврсти честички Методологија МКС EN ISO/IEC 17025:2018 Уредба за граничните вредности за нивоа и видови на загадувачки суостанции во амбиентен воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните врендости, маргини и толеранција за граничните врендости, целни врендости и долгорочни цели (Сл.весник на РМ бр. 50/05, 4/13, и 183/17)
ВИД НА ИСПИТУВАЊЕ ИЛИ МЕРЕЊЕ	ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА МЕРЕЊЕ НА БУЧАВА И ВИБРАЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
МЕТОДИ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ И АНАЛИЗИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА МОНИТОРИНГ	МКС ISO 1996-2:2018 – Акустика – опис, мерење и проценување на бучавата од околината – Дел 2 – Одредување на нивоата на бучавата МКС ЕН ИСО/ИЕЦ 17025:2018 Правилник за локациите на мерни станици и мерни места (Сл.весник на РМ бр. 120/08) Правилник за граничните вредности на нивото на бучавата во животната средина (Сл.весник на РМ бр. 147/08)

ВИД НА ИСПИТУВАЊЕ ИЛИ МЕРЕЊЕ	ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПРИМЕРОК НА ОТПАДНА ВОДА
МЕТОДИ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ И АНАЛИЗИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА МОНИТОРИНГ	МКС ИСО 10523:2013 МКС ИСО 7887 МКС ИСО 11923 МКС ЕН 1622

ВИД НА ИСПИТУВАЊЕ ИЛИ МЕРЕЊЕ	ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПРИМЕРОК НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ
МЕТОДИ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ И АНАЛИЗИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА МОНИТОРИНГ	МКС ИСО 10523:2013 МКС ИСО 6059 ЕДТА МКС ИСО 11885

ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ ПОСЛЕ НЕУСОГЛАСЕНОСТ (НЕСРЕЌИ, ИНЦИДЕНТ) И ПРЕВЗЕМАЊЕ НА КОРЕКТИВНИ ДЕЈСТВИЈА - КОНТИНУИРАНО ПОДОБРУВАЊЕ

1. ПОДОБРУВАЊЕ

1.1. Општо

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА ги определува и селектира можностите за подобрување и имплементирање на секакво неопходно дејствие за да се исполнат барањата на :

А. QMS - Клиентот и да стекне задоволство на киентот, преку:

- Подобрување на производите и услугите за да се исполнат барањата на клиентите и идните барања и очекувања
- Корегирање, превенирање и редуцирање на несакани ефекти
- Подобрување на перформансите и ефективноста на системот за квалитет

Б. OHSMS- Вработените, акционерите и општеството за:

- Постигнување на перформанси на работењето во ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА кои обезбедуваат превенирање, намалување до прифатливи граници кои овозможуваат безбедно извршување на работните задачи и без негативно влијание по здравјето на вработените, преку:

- елиминирање на опасностите и редуцирање на ризикот по безбедноста и здравјето на вработените
- анализа за инцидентите, превземање мерки за нивно повторно појавување, пријава на инцидентите

В. EMS- Вработените, акционерите и општеството за:

Заштита на животната средина од активностите кои се одвиваат во ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА преку:

- Имплементирање на неопходни дејствија за да се достигнат посакуваните резултатити на Системот за заштита на животна средина (ЗЖС) на ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА

2. ПРОЦЕДУРА ЗА НЕУСОГЛАСЕНОСТ И КОРЕКТИВНИ ДЕЈСТВИЈА

2.1. ЦЕЛ:

Целтта на оваа процедура е да се дефинираат редоследно активностите и одговорностите при појава на неусогласеност (вклучувајќи поплаки од клиенти, инцидент –

БЗР), причините кои се истражуваат, последиците од неусогласеностите кои и како се отстрануваат/ елиминираат – и превземање на корективни мерки и мерки за спречување на повторна појава на неусогласеноста .

2.2.ОПСЕГ:

Од : појава на неусогласеност

До: истражени причини за појавата, донесени корективни мерки

2.3. ДЕФИНИЦИИ:

2.3.1. **Неусогласеност** - неуспех да се усогласат перформансите со воспоставеното правило или практика.

2.3.2. **Инцидент** - во контекст на безбедноста и здравје при работа, е ненамерен настан кој го нарушува нормалното работење. Инцидентите се разликуваат по сериозноста и се движат од полесни до фатални несреќи.

2.3.3. **Корективни дејствија** - дејство превземено за да се елиминираат причините за неусогласеност или други непожелни ситуации за да се спречи повторување.

2.3.4. **Превентивно дејство** - акција превземена за да се спречи појавата на такви несообразности, генерално како резултат на анализа на ризик.

2.3.5. **Корективни и превентивни активности (CAPA или едноставно корективни дејствија)** се состојат од подобрувања на процесите на организацијата превземени за да се елиминираат причините за несообразност или други непожелни ситуации. Обично тоа е збир на дејства, закони или прописи што ги бара организацијата во производството, документацијата, процедурите или системите за да се поправи и елиминира повторливата неусогласеност.

Несообразноста е идентификувана по систематска евалуација и анализа на основната причина за неусогласеност.

Неусогласеноста може да биде пазарна поплака или поплака од клиент или дефект на машини или систем за управување со квалитет, или погрешно толкување на писмените упатства за извршување работа.

Корективните и превентивни активности се дизајнирани од тим што вклучува персонал за обезбедување квалитет и персонал вклучен во вистинската точка на набудување на неусогласеност. Таа мора систематски да се имплементира и да се набљудува поради

неговата способност да се елиминира понатамошното повторување на таквата неконформација.

2.3.6. Подобрување – може да вклучи корекции, корективни дејствија, унапредувања, иновации, промени во организирањето

2.4. ПРОЦЕДУРА

2.4.1. Појава на неусогласености

Појава на неусогласености: неусогласеностите можат да произлезат во било која фаза од реализација на производот и услугите и од поплаки од клиентите.

Неусогласеностите за EMS може да се јават при надминување на законските лимити за одреден аспект, поплаки од зантересирани страни, наоди од инспекциски органи

Под неусогласеностите за OH&S се подразбира инцидент, неусогласеност при спроведените интерни проверки , неусогласеност во исполнување на легислативата и др

2.4.2. Евидентирање на неусогласеноста / поплаката (QMS), превземи мерки за контрола и исправки и справување на последиците (EMS, OHSMS)

Раководителот на компанијата податоците за неусогласеноста/поплаката за QMS ги евидентира во Записот за корективна мерка,односно:

- Дата на појава на несогласеноста/прием на поплаката
- Опис на неусогласеноста/поплака
- Од каде потекнува неусогласеноста/поплака (процес, рекламација – купувач)

За EMS се евидентираат неусогласеностите во Записот за мерење на аспекти, доколку е потребно во зависност од неусогласеноста и инцидентот се превземаат веднаш мерки за контрола на неусогласеноста, ублажувања на влијанијата.

За OH&S ги евидентира неусогласеностите во записот од спроведените интерни проверки, кој содржи датум, опис, обезбедува фотографии за неусогласеноста доколку е прикладно и превзема мерки веднаш за контрола на неусогласеноста доколку станува инцидент, повреда за укажување на помош и други мерки спрема Процедурата за инциденти и нивно отстранување.

2.4.3. Евалуирање на потребата за дејствие за да се елиминира причината на неусогласеноста

Раководителот на компанијата ја евалуира потребата за дејствие за да се елиминира причината на неусогласеноста со цел да не се повтори , преку:

- преглед и анализа на неусогласеноста
- определување на причините за неусогласеност
- определување дали слична неусогласеност постои или потенцијално може да се појави

Резулатите од евалуацијата ги евидентира во соодветните записи.

2.4.4. Информирај ги заинтересираните страни

Во случај кога станува збор за рекламација однадвор, а со истражување на причините се констатира дека е неоправдана реакламација (непридржување кон упатството, несоодветни податоци за потребниот материјал при набавка и сл) , Раководителот на компанијата го информира клиентот за истото.

Дали во таков случај ќе бидат превземени одредени мерки за поддршка на клиентот,одлучува Директорот и за истото се информира купувачот.

2.4.5. Одреди корективна мерка

Доколку рекламацијата од купувачот е оправдана како и во случаи на појава на неусогласеност, Раководителот на компанијата ги евидентира корективните мерки утврдени во Записот за корективни мерки каде е наведен и носителот на корективната мерка.

2.4.6. Превземи корективна мерка - имплементирај потребни дејствија

Раководителот на компанијата ја превзема корективната мерка (имплементира потребни дејствија) а согласно рокот кој е договорен и заведен.

2.4.7. Следи ги ефектите од корективната мерка

По крајниот рок за спроведување на корективната мерка, Раководителот на компанијата врши проверка на корективната мерка а согласно дата за проверка го врши истото како и ефектите од мерката.

2.4.8. Ажурирај го ризикот и можностите определени за време на планирањето

Раководителот на компанијата ги преиспитува одредените ризици и можности и по потреба ажурираат.

2.4.9. Направи измени во соодветниот систем доколку е неопходно

Раководителот на компанијата прави други измени во системите, доколку е потребно, согласно влијанието на решавањето на појавената неусогласеност и потребата за подобрување.

2.4.10. Извести го директорот и заинтересираните страни

Во случај мерката да нема ефекти, Раководителот на компанијата го известува управителот и се договараат нови корективни мерки.

2.4.11. Затвори го извештајот

Кога мерката има ефект, Раководителот на компанијата го затвара извештајот што во суштина подразбира потврда на ефектот од мерката

3. МЕРЛИВОСТ

3.1. Мерливоста на процесот на корективни мерки се изразува преку % на ефективноста на корективните мерки,во однос на вкупните мерки на годишно ниво.

ПРОЦЕДУРА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ВНАТРЕШНИ И НАДВОРЕШНИ СТРАНИ

СТАНДАРДНА ПОСТАПКА ЗА ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА

1. ЦЕЛ:

Целтта на оваа Стандардна постапка за комуникацијата е точна и навремена размена на информации и обезбедување на нивна достапност каде е потребно, а кои се значајни за одржување на унапредување на Интегрираната Б еколошка дозвола како и целокупното работење на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** воопшто.

2. ОПСЕГ:

Од: потреба и обврска за внатрешна и надворешна комуникација

До: реализирана внатрешна и надворешна комуникација

Оваа постапка важи за сите вработени во **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА**

3. РЕФЕРЕНТНИ ДОКУМЕНТИ:

Интегрирана Б еколошка дозвола

4. ДЕФИНИЦИИ:

Комуникација: - чин на пренесување информации од едно место, личност или група на друго. Секоја комуникација вклучува (барем) еден испраќач, порака и примач и може да биде вербална (тел комуникација, директна вербална комуникација), писмена (дописи, е-пошта).

Преносот на пораката од испраќач до примач може да биде под влијание на огромен опсег на работи.

Тие ги вклучуваат нашите емоции, културната ситуација, медиумот што се користи за комуникација, па дури и нашата локација.

Комплексноста е зошто добрите комуникациски вештини се сметаат за толку посакувани од работодавците ширум светот: точната, ефективна и недвосмислена комуникација е всушност исклучително тешка.

5. УПАТСТВО

5.1. Дефинирање на принципи на комуникација

Во **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** се воведени принципи на воспоставена комуникација каде сеопфатени сите клучни функции за Интегрираната Б еколошка дозвола.

Основната рамка за воспоставувањето на принципите на екстерната комуникација ги опфаќа вработените, клиентите, инвеститорите, државните институции, јавните фирми и останатите заинтересирани страни.

Интерната комуникација во **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** е ефективна и опфаќа:

- Интерно огласување преку истакнување јавно одредени места како што се работни простории и канцеларии
- Консултација на разни нивоа (работни состаноци на разни нивоа во организацијата)
- Индивидуални договарања (средби по хоризонтала и вертикала)
- Електронска комуникација (e-mail)
- Комуникација преку записи во тврди копии (наоди,записи,записници,евидентни книги и др.)

Определбата на раководството на **ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА** во однос на екстерната комуникација е различна во однос на одредени прашања опфатени со комуникацијата и се одликува со пристап кој може да биде индиректен – само преку документација, конзервативен или потполно отворен.

Обликот и обемот на информирање главно се базира на конкретни ситуации при водење на бизнисот а се во тесна корелација со субјектот со кој се комуницира (инспекциски органи, општество јавен тендер, директен купувач и сл.) .

Во однос на релевантните информации према заинтересираните страни при комуникацијата се запазува принципот на усогласување со легислативата.

При надворешната комуникација се запазува принципот на конзистентност на информациите кои се генерираат од Интегрираната Б еколошка дозвола и кои се реални за даденото време и ситуација.

5.2. Дефинирање на предмет на комуникација

ДПТУ ТИМ АГРО – ФАРМ ДОО С.МРЗЕНЦИ, ГЕВГЕЛИЈА заради запазувањето на принципите на комуникацијата во однос на Интегрираната Б еколошка дозвола има дефинирано

1. Што ќе се комуницира
2. Кога се комуницира
3. Со кого се комуницира
4. Како се комуницира
5. Кој комуницира

Екстерна	Предмет на комуникација	Кога се комуницира	Со кого се комуницира	Како се комуницира	Кој комуницира
Добавувач	Избор на добавувач	При потреба од изнаоѓа нов добавувач и/или продолжување на договорот При специфични набавки – специфични за БЗР (лична заштитна опрема, средства за спасување, ЕКО набавки, енергетски ефикасна опрема и други специфични каратеристики	Со потенцијален добавувач и тековен добавач	Електронска преписка, телефонски, средби	Задолжено лице од Управителот согласно предметот за набавка според утврдена спецификација (квалитет, суровина, материјали, ЛЗО, еколошки набавки, енергетски ефикасна опрема и сл) Или Управителот
	Склучување договор	При истечен договор, потреба од склучување нов договор,	Договорната страна	писмено, до усогласување на договот	задолжено лице за склучување договор При потпишување на договори – Директорот или овластено лице
	Оцена на испорака и добавувачот	при прием и при реакција на клиент	добавувач	писмено, е-форма записник	задолжено лице за склучување договор При потпишување на договори – Директорот или овластено лице
	Рекламација	при прием и при реакција на клиент	добавувач	писмено, е-форма записник	задолжено лице за склучување договор При потпишување на договори – Директорот или овластено лице
	Решавање на спорови	при појава на спор	со страната со која е спорот	писмено	Управителот
Клиент	прием на барање. Од клиент Следење на тендери	при добиено барање, објавен тендер	клиент	писмено	Задолжено лице за склучување договор При потпишување на договори – Директорот или овластено лице
	понуда	по добиено барање, тендер	клиент	писмено	Директор
	усогласување на цена	по добиено барање, тендер	клиент	писмено	Директор

	усогласување на рокови	по прифатено барање тендер	клиент	писмено	Договор
	рекламација	по добиена рекламација	клиент	писмено	Договор
	решавање на спорови	по неуспешно решање на рекламација	клиент адвокат	писмено	Договор
Министерства / овластени агенции/ институции	Дозволи за увоз на суровини, материјали и сл	при реализација на увоз	одговорно лице министерство	писмено, контакти	задолжено лице
	Обезбедување на сертификати за квалитет и точност – прецизност на опремата, каде е применливо , Обезбедување на Дозволи, лиценци	при испорака	одговорно лице министерство	писмено, контакти	задолжено лице
	Министерсво за Труд при несреќи, консултации, пријави и надзор	По потреба	одговорно лице при министерството	писмено, контакти	Управител
	Министерство за Животна средина при надминување на лимити- хаварија, консултации	По потреба	одговорно лице при министерството	писмено, контакти	Одговорно лице за отпад Управителот
	Министерство за труд и социјална политика	По потреба	одговорно лице при министерството	писмено, контакти	Одговорно лице
	Министерство за финансии и нејзини управи	завршни сметки, уплати	финансии на фирмата	писмено	Одговорно лице
	царина	при реализација на увоз	задолжено лице	писмено	Одговорно лице
Субконтрактори – изведувачи и подизведувачи	Шпедиција – комерција	при транспорт	задолжено лице	писмено	Одговорно лице
	OH&S	при изработка на елаборати при обуки организација на здравствени прегледи Мерења	Екстерна компанија со која е склучен договор	писмено	Одговорно лице

	EMS	Реализација на мерења Елаборати Дозволи	Екстерна компанија со која е склучен договор	писмено	Одговорно лице
	EnMS	Консултации, мерења, одржување	Екстерна компанија со која е склучен договор	писмено	Одговорно лице
Одржување на опрема	Превентивно одржување Одржување по дефект Техничка исправност и сервисирање	При Превентивно одржување Одржување по дефект Техничка исправност и сервисирање	Екстерна компанија со која е склучен договор	писмено	Одговорно лице
Општество , локална заедница	За усогласување со Локалните планови , поддршка на заедницата (по консултација со Групацијата) и сл	По потреба	Соодветен сектор на општината	Писмено	Одговорно лице
Служби за интна интервенција	Пожар Несреќа Кражба Елементарна непогода Еколошка несреќа	По појава	Против пожарна бригада Итна медицинска помош Полиција Штаб за кризи и спасување	Усмено – тел повик, контакти По изготвен записник – писмено	Согласно шемата за брза реакција и одговор
Интерна комуникација – општа	пренос на информации наредби, одлуки и сл	кога Управителот има информации за вработените во однос на работењето	со вработените за кои се наменети информациите	усмено огласна табла е-маил соопштение одлука и др.	Управител
	комуникација меѓу втора и трета линија (орг. шема)	при распределување на работните задачи	по хоризонтала и вертикала	усмено огласна табла е-маил	вработените
Работен однос	Комуникација во однос на распоред за работа и вработени	При изготвување – неделно, дневно	Со вработените	Тврда копија јавно истакната	Управител
	Комуникација во однос на правата и обврските на вработениот – договор за вработување	При склучување на работен однос	Вработениот	Тврда копија од договор Политики на увид	Управител

	Политика за човекови права Недискриминација				
	Комуникација за исполнување на работните задачи	При реализација	Вработениот	Писмено – Упатства Усмено објаснување Менторирање Надзор	Раководител
Опрема	Комуникација во врска со дефект на опрема	При настанување на дефектот	Раководител, надворешна компанија со која има склучено договор	Усмено, писмено	Раководител Компанија со која има склучено Договор Управител
ЛЗО 9 БЗР)	Распределба на лична заштитна опрема	Согласно планот за задолжување	Вработениот	Листа со потпис на предадена и примена ЛЗО	Раководител
Здравствен преглед (БЗР)	Упат за здравствен преглед	Согласно времето на доспевање по проценка на ризик	Вработениот	Упат	Раководител
